Република Северна Македонија
НОТАР
Васил Кузманоски
ОХРИД
Бул:"Македонски Просветители", 5
за подрачјето на Основен суд Охрид

ОДУ
реден број 210/25
(Извод)

16.04.2025 година
(шеснаесетти април двеилјадидваесетипетта година)
12.00 часот (дванаесет часот)

Јас, нотар Васил Кузманоски од Охрид Булевар "Македонски Просветители" број 5, денес 16.04.2025 година (ден шеснаесетти, месец април, двеилјадидваесетипетта година) на писмено Известување за Собрание на акционери број 03-77 од 25.03.2025 година на Генералниот директор на Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид-Оливера Ставрова присуствував на Собранието на акционери на Хотелско-угостителското акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид, со седиште на улица "Партизанска" број 8 во просториите на хотел "Палас" Охрид, кое се одржа на денешен ден 16.04.2025 година во просториите во нивното седиште во Охрид на улица "Партизанска" број 8 Охрид, со почеток во 12.00 часот (дванаесет часот), при што согласно член 92 од Законот за нотаријатот (Службен весник на Република Македонија број 72/16) и член 407 од Законот за трговски друштва го составив следниот:----------

----------ЗАПИСНИК ОД СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИ----------
----------НА ХОТЕЛСКО-УГОСТИТЕЛСКОТО АКЦИОНЕРСКО----------
----------ДРУШТВО ОХРИДТУРИСТ Охрид----------

Пред отпочнувањето на Собранието на мое барање ми беше предочена:-------
1. Тековната состојба број 0805-50/150020250002738 од 16.04.2025 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија-Регионална регистрациона канцеларија во Охрид----------
2. Одлука за свикување на седница на Собрание на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид со број 02-73/2 од 14.03.2025 година донесена од Одборот на директори на Хотелско-угостителското акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид ----------
3. Акционерска книга на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид. Од увидот во истата утврдив дека е во печатена форма, има печат и потпис од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје и истата е со состојба на ден 15.04.2025 година во 10:15:02 часот и дека Акционерската книга се состои од 47 (четириесетиседум) имателиа на обични акции, истата содржи комплет податоци за имателите на акции и дека вкупниот номинален капитал изнесува 6030185 ЕУР, со вкупен број на гласови 172.291, односно една акција-еден глас----------
4. Јавен повик за свикување и одржување на Годишно Собрание на акционерите на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид објавен во весникот "Вечер" на ден 15 и 16 март 2025 година на една половина страна со кој се повикуваат сите акционери или од нив ополномоштени лица да присуствуваат на Седница на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид со седиште на улица "Партизанска" број 8 на ден 16.04.2025 година, со почеток во 12.00 часот, во просториите на хотел "Палас" на улица "Партизанска" број 8 Охрид----------
5. Статут на Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид број 02-589/4-1 од 22.08.2012 година----------
6. Јавна објава За дополнување на Дневниот ред за работа на Собранието на акционери на АД Охридтурист-Охрид свикано за ден 16.04.2025 година објавен во весникот "Вечер" на ден 08 април 2025 година на една половина страна----------

ОДУ
реден број 210/25
(Извод)

7. Список на присутни акционери на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид и ополномоштени лица пријавени за учество на Собранието одржано на ден 16.04.2025 година, кој содржи име и презиме на акционерот, адреса, полномошник, број на акции и потпис. Од наведениот список на седницата се присутни вкупно 6 (шест) акционери и нивни застапници и тоа:----------
1. Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 ДОО Скопје, со адреса: улица "Димче Беловски" број 2 Скопје-Гази Баба, со ЕМБС 5212855, кој е сопственик на 75021 акции и гласови преку полномошник Бети Недева од Скопје, со адреса на живеење на улица "Руде Чајавец" број 30/2-29 Скопје-Аеродром со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. [redacted] издадена од МВР Скопје на ден 11.08.2024 година со Полномошно број 0201/14 од 21.03.2025 година заверено под број УЗП 3299/2025 од 24.03.2025 година од Нотар Ана Дојчиновска од Скопје----------
2. ДРАГАНА ЈАНЕВСКА од Скопје со адреса: улица "Владимир Полежиновски" број 14 Скопје-Центар, со ЕМБГ [redacted] која е сопственик на 4239 акции и гласови преку полномошник Мартин Мијовски од Скопје, со адреса на живеење на улица "Исаија Мажовски" број 49 Скопје-Ѓорче Петров со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. [redacted] издадена од МВР Скопје на ден 30.03.2024 година со Полномошно заверено под број УЗП 3283/2025 од 24.03.2025 година од Нотар Ана Дојчиновска од Скопје----------
3. ЈАНЕ ЈАНЕВСКИ од Скопје со адреса: улица "Васил Ѓоргов" број 28-31 Скопје-Центар, со ЕМБГ [redacted] кој е сопственик на 4239 акции и гласови преку полномошник Мартин Мијовски од Скопје, со адреса на живеење на улица "Исаија Мажовски" број 49 Скопје-Ѓорче Петров со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. [redacted] издадена од МВР Скопје на ден 30.03.2024 година со Полномошно заверено под број УЗП 3293/2025 од 24.03.2025 година од Нотар Ана Дојчиновска од Скопје----------
4. КИРИЛО ЈАНЕВСКИ од Скопје со адреса: улица "Скупи 6" број 33А Скопје-Карпош, со ЕМБГ [redacted] кој е сопственик на 4239 акции и гласови преку полномошник Мартин Мијовски од Скопје, со адреса на живеење на улица "Исаија Мажовски" број 49 Скопје-Ѓорче Петров со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. [redacted] издадена од МВР Скопје на ден 30.03.2024 година со Полномошно заверено под број УЗП 3290/2025 од 24.03.2025 година од Нотар Ана Дојчиновска од Скопје----------
5. Трговско друштво за производство, трговија и превоз Колески Ќире ЕКСТРА СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ, со адреса: Населено место без уличен систем Косел Охрид, со ЕМБС 4211847, кој е сопственик на 50193 акции и гласови, преку полномошник Адвокат Аце Ѓоршевски од Охрид, со адреса на живеење на улица "Партизанска" број 63 Охрид со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. [redacted] издадена од МВР Охрид на ден 14.11.2024 година со Полномошно број 03-89/1 од 15.04.2025 година заверено под број УЗП 1020/2025 од 15.04.2025 година од Нотар Васил Кузманоски од Охрид----------
6. ЏЕМАЛ РАХМАН од Охрид со адреса: улица "Абас Емин" број 44 Охрид, со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. [redacted] издадена од МВР Охрид на ден 14.11.2023 година кој е сопственик на 447 акции и гласови----------
Собранието го отвори Адвокат Аце Ѓоршевски од Охрид, со адреса на живеење на улица "Партизанска" број 63 Охрид со ЕМБГ [redacted] и број на л.к. [redacted] издадена од МВР Охрид како полномошник на Трговско друштво за производство, трговија и превоз Колески Ќире ЕКСТРА СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ кој истакна дека ја отвара оваа седница на Собранието на акционери на ОХРИДТУРИСТ АД Охрид закажана за денес 16.04.2025 година со почеток во 12.00 часот и истата е свикана согласно Одлука на Одборот на директори со број 02-73/2 од 14.03.2025 година и е закажана со Јавен повик објавен во дневниот весник "Вечер" од 15 и 16.03.2025 година----------
Тој истакна дека за да може Собранието да започне со својата работа по

ОДУ
реден број 210/25
(Извод)

дневниот ред потребно е да се утврди дали за работата на Собранието постои кворум, како би можело Собранието да се одржи и полноважно да одлучува, во согласност со Списокот на присутни акционери и состојбата на Акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност----------
Имено, Собранието на АД ОХРИДТУРИСТ-Охрид го сочинуваат акционери односно нивни овластени претставници или застапници со право на 172.291 гласови во Собранието. За да постои кворум Собранието да се одржи и полноважно да одлучува потребно е присуство на акционери односно нивни овластени претставници или застапници кои поседуваат најмалку 86.146 гласови од акциите со право на глас што можат да се дадат на Собранието. Според Списокот на присутни акционери и Акционерската книга од Централниот депозитар за хартии од вредност на седницата на денешното Собрание се присутни акционери односно нивни овластени претставници или застапници и тоа: Трговско друштво М-6 ДОО Скопје, чиј полномошник е Бети Недева со 75.021 акција, Драгана Јаневска чиј полномошник е Мартин Мијовски со 4.239 акции, Јане Јаневски чиј полномошник е Мартин Мијовски со 4.239 акции, Кирило Јаневски чиј полномошник е Мартин Мијовски со 4.239 акции, ТД Екстра Скопско ДООЕЛ Охрид чиј полномошник е Адвокат Аце Ѓоршевски со 50.193 акции и акционерот Џемал Рахман со 447 акции. Согласно Списокот на присутни акионери и ополномоштени лица присутни се 138.378 гласови или 80,32% од вкупниот број на гласови и истите поседуваат доволно акции и гласови така што констатира дека Собранието има кворум за работа и може полноважно да одлучува.----------
Поради карактерот на материјалите и точките кои ќе се разгледуваат и за кои ќе се одлучува на ова Собрание со оглед на тоа да има точка која е предмет на успис во Централниот регистар и задолжително е присуство на нотар, Адвокат Аце Ѓоршевски кажа дека е повикан и Нотар, односно Записникот за денешната седница на Собранието на акционери ќе го води нотар Васил Кузманоски од Охрид кој исто така е присутен и побара да се гласа за тоа----------
Се гласаше и едногласно е одлучено Записникот на денешната седница на Собрание на акционери го води нотар Васил Кузманоски од Охрид----------
Адвокат Аце Ѓоршевски исто така кажа дека за да може да се одржи Собранието и полноважно да одлучува потребно е од редот на акционерите, односно лицата кои ги застапуваат акционерите да се избере Претседавач кој ќе претседава со денешното Собрание и ќе ја води седницата.----------
За збор се јави Мартин Мијовски и за Претседавач ја предложи Бети Недева. Друг предлог немаше. Предлогот Бети Недева да биде избрана за Претседавач на денешното Собрание беше ставен на гласање. Се гласаше јавно, при што "За" гласале 138.378 гласови гласови, "Против" нема и "Воздржани" нема----------
Се констатира дека за претседавач на денешното собрание едногласно е избрана Бети Недева од Скопје, со адреса на живеење на улица "Руде Чајавец" број 30/2-29 Скопје-Аеродром со ЕМБГ 1007984435019 и број на л.к. М1129997 издадена од МВР Скопје на ден 11.08.2024 година со 138.378 гласови "За"------
Претседавачот Бети Недева продолжи да ја води Седницата на собранието и предложи за бројачи на гласови да се изберат Мирјана Кузманоска и Славица Павлеска. Друг предлог немаше----------
Предлогот Мирјана Кузманоска да се избере за бројач на гласови беше ставен на гласање, се гласаше јавно, при што "За" гласале 138.378 гласови, "Против" нема и "Воздржани" нема----------

ОДУ
реден број 210/25
(Извод)

Претседавачот констатира дека Мирјана Кузманоска е едногласно избрана за бројач на гласови со 138.378 гласови "За"----------

Предлогот Славица Павлеска да се избере за бројач на гласови беше ставен на гласање, се гласаше јавно, при што "За" гласале 138.378 гласови, "Против" нема и "Воздржани" нема----------

Претседавачот констатира дека Славица Павлеска е едногласно избрана за бројач на гласови со 138.378 гласови "За"----------

Претседавачот истакна дека по објавување на Јавниот повик за Собранието на Друштвото е доставен предлог од страна на акционерот М-6 ДОО Скопје кој согласно акционерската книга има над 5% акциии предлогот е доставен законски во предвидениот рок од 8 дена од објавата за нова точка на дневниот ред. За дополнување на дневниот ред за работа на Собранието се предлага "Одобрување на зделка со заинтересирана страна-заложување на имот". Дополнувањето на дневниот ред е објавен во весникот Вечер на ден 08.04.2025 година, односно 8 дена пред денот на одржувањето на денешното Собрание. Поради наведеното предлагам Собранието да одлучува за дополнување на дневниот ред дали истата ќе биде прифатена и отворам расправа по оваа точка. Никој не се јави за збор и се премина кон гласање за вклучување на предложената точка "Одобрување на зделка со заинтересирана страна-заложување на имот" во дневниот ред на денешното Собрание. Се гласаше јавно, при што "За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.640 и "Воздржани" нема----------

Претседавачот констатира дека Собранието ја одобри предложената точка "Одобрување на зделка со заинтересирана страна-заложување на имот" да биде вклучена во дневниот ред како точка 3 со 87.738 гласови "За"----------

Потоа се премина кон утврдување и читање на дневниот ред по кој ќе расправа денешното Собрание и тоа:----------

----------**ДНЕВЕН РЕД**----------

1. Избор на Претседавач и работни тела----------
2. Избор на членови на Одбор на директори на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид--------
3. Одобрување на зделка со заинтересирана страна-заложување на имот-------

Се премина кон гласање за предложениот дневен ред. Се гласаше јавно, при што "За" гласале 87.738 гласови, "Против" 447 и "Воздржани" 50.193----------

Претседавачот констатира дека Собранието го усвои предложениот дневен ред со 87.738 гласови "За" и денешното Собрание на акционери ќе работи по истиот----------

Претседавачот истакна дека со оглед на тоа да е исцрпена првата точка од дневниот ред, односно се избрани Претседавач и бројачи на гласови се преминува кон **втората точка од дневниот ред "Избор на членови на Одбор на директори на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид"**, при тоа истакнувајќи дека е поминат 4 годишниот мандат на членовите на Одбор на директори на АД Охридтурист Охрид и тоа: Оливера Ставрова-Извршен член на Одбор на директори, Борче Илиоски-Неизвршен член на Одбор на директори и Претседател на Одбор на директори, Снежана Славкова-Неизвршен член на Одбор на директори, Филип Медарски-Неизвршен член на Одбор на директори и Златко Ивановски-Неизвршен и независен член на Одбор на директори----------

Претседавачот истакна дека пред да се започне со работа по оваа точка од дневниот ред потребно е да соопшти дека до Собранието во законскиот рок се пристигнати 5 предлози за избор на членови на Одборот на директори со податоци како Предлог и во прилог Биографии за сите кандидати и тоа: Драгана Јаневска, Искра Клинкарова, Кастриот Арифи, Оливера Ставрова и Филип Медарски и предложи Собранието да одлучува за секој посебно и ќе

ОДУ
реден број 210/25
(Извод)

се пристапи кон гласање по азбучен ред: Драгана Јаневска, Искра Клинкарова, Кастриот Арифи, Оливера Ставрова и Филип Медарски----------
Претседавачот исто така појасни дека изборот на членовите на Одбор на директори се врши врз основа на член 383 од Законот за трговски друштва и член 44 . од Статутот на Хотелско-угостителско акционерско друштво Охридтурист Охрид. Од членовите кои ќе бидат избрани на Одбор на директори на конститутивна седница Одборот на директори го определува статусот и функциите на членовите, избира Претседател на Одбор на директори, го определува Извршниот член во Одборот на директори за извршен директори што ќе го носи називот Генерален директор кој ќе биде законски застапник на Друштвото. Мандатот на членовите на Одборот на директори е за период од 4 години од денот на изборот со можност да бидат повторно избрани без разлика на тоа за колку мандати биле претходно избрани. Членовите на Одборот на директори ги вршат должностите, работите и овластувањата од нивната надлежност предвидени во Статутот на друштвото, Законот за трговски друштва, другите позитивни прописи и акти на друштвото. Претседавачот појасни дека согласно член 367 став 3 од Законот за трговски друштва како и член 66 став 2 од Статутот на Друштвото при избор на членовите на Одборот на директори се назначува кој член се избира како независен член на Одборот на директори----------
За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски кој истакна дека искажува разочарување и неверување дека не се присутни старите членови на Одбор на директори, а кои сега се предлагаат да бидат повторни избрани, а тоа се Оливера Ставрова и Филип Медарски. Има грубо непочитување од нивна страна како членови на Одборот на директори кон акционерите и добро е што на денешната седница ќе се граса поединечно за секој член на Одбор на директори за да можеме да ги искажиме нашите ставови за секој член посебно. Бидејќи не се присутни никој, а имав намера да поставам прашања во рамките на нивното функционирање на Одборот ќе бидам приморан на записник да се произнесам да ги прашам за да можат истите да прочитаат и да се произнесат, во однос на тоа што е кажано а не е испочитувано и сработано од постојниот состав на Одбор на директори. Најпрво сакам да укажам на Извршниот директор дека на последните две собранија тезата што ја градеше дека нема потреба да одговори на поставените прашања на веб страна на друштвото, , со оглед да прашањата и одговорите не се објавени на веб страната на друштвото и дека за тоа ќе ги праша адвокатите, но сеуште ниту прашањата ниту одговорите не се објавени на веб страната на друштвото. Согласно член 391 б од Законот за трговски друштва го решава тоа прашање и е одредено е кога едно прашање се смета за одговорено и дека тоа е така кога ќе се објави на веб страната на друштвото.----------
Потоа е прашањето во делот на статусот и состојбата на хотел Палас. Тој укажа дека претходно е донесена Одлука на Собрание на акционери со која се задолжува Одборот на директори да спроведе постапка за реконструкција, адаптација и доградба на хотел Палас, донесено е одобрение во управна постапка за доградба и реконструкција во 2017 година. Можам да потврдам дека голема сума на средства се вложени во делот на плаќање, на трошоци, комуналии за добивање на тоа одобрение. Откако се доби тоа одобрение се склучи договор со изведувач, се отпочна со работа и се извести Општина Охрид за почетокот со работа. Во медиумите се пишува многу за хотел Палас и за сопствениците на објектот за тоа зошто не се реализира тој проект и не се стави во функција хотел Палас. Сакам да и кажам на Оливера Ставрова и другите членови на Одборот на директори дека со тоа се причинува штета на друштвото и за тоа се одговара солидарно за штетата што се причинува. Има и други прашања по Извештајот за работата на Одборот на директори за Одлука што е донесена на 16.12.2024 година на седница на Одборот на директори, но не се кажува

што содржи таа одлука, се кажа дека ќе се објави на веб страната на друштвото но тоа не се направи. Значи има грубо непридржување кон одлуките од Собранието на акционери и нема совесно и одговорно работење на Одборот на директори и нивното неприсуство го потврдува тоа и дека не ги интересираат акционерите и одлуките што ги носат тие да истите бидат реализирани. Ова го кажувам од причина за да кажам зошто нема да гласам за постојните членови на Одборот на директори што сега се предлагаат повторно. Имавме прашање дали Одборот на директори презеде одговорност за поранешите членови за поранешните членови на Одбор на директори: Ратко Чадиковски, Мате Настески и Миле Бундовски затоа што иницираа да се поведе судска постапка за закупецот Два Бисери ДООЕЛ Охрид и кривична пријава за Џемал Рахман. Фирмата Два Бисери си ги штитеше своите интереси, поднесе противтужба и сега имаме штета со правосилна пресуда од 1.200.000,00 евра за друштвото. А и на претходното Собрание беше кажано дека и кривичната пријава према Џемал Рахман е правосилно отфрлена од Основното јавно обвинителство во Охрид и Вишото јавно обвинителство во Битола. Одборот на директори е директно одговорен доколку не поднесе тужба за надомест на штета на тие членови што ги иницираа овие судски постапки. Извршниот директор Оливера Ставрова на претходното Собрание на акционери напомена дека тие пари од постапката за Договорот за закуп биле во корист на Два Бисера и сопругата на сопственикот на ТД Екстра Скопско ДООЕЛ. Сакам да напоменам дека Одлуката за закуп со Два Бисера беше донесена од страна на Собранието на акционери како зделка со заинтересирана страна за која не гласаше акционерот Екстра Скопско, а претходно имаше оглас за издавање под закуп за објектите но никој не се јави, а се јави фирмата Два Бисери ДООЕЛ Охрид.. Има тука директна одговорност од членовите на постојниот Одбор на директори бидејќи се уште не е поднесена постапка за надомест на штета на претходните членови на Одбор на директори. Изговорот дека е поднесена ревизија пред Врховниот суд е неоснована со оглед на тоа да спорот е правосилно завршен но може да се изгуби рокот за надомест на штета со што истите ќе предизвикаат штета на Друштвото.----------

На ден 14.07.2023 година Собранието на акционери на АД Охридтурист Охрид по предлог на М-6 Светлана и останати ДОО Скопје донело одлука со која се прифаќа барањето на акционерот М-6 Светлана и останати ДОО Скопје за донесување одлука за отпочнување постапка за статусни промени на АД Охридтурист Охрид со издвојување на акционерот Екстра Скопско, со оглед на тоа да има судска одлука тоа да се спроведе со Договорот со Екстра Скопско од 2009 година. Оттогаш поминаа скоро две години и Одборот на директори не може да ја заврши таа постапка за статусни промени иако истата може за шест месеци да се заврши. Тие не ја спроведуваат таа постапка и при тоа дозволија како Одбор на директори да прифатат и постапуваат по Одлука за продажба на хотел Десарет и да прифатат проценка од Заводот за вештачење Скопје каде имаме ние доста забелешки и тие одлуки со судска одлука да бидат стопирани и да не може да се врши продажба на хотел Десарет. Ви укажувам дека е во тек постапка за вештачење за одговорност на Одборот на директори за надомест на штета. Сакам да кажам дека на седницата на Одборот на директори од 04.10.2024 година членот Филип Медарски се има произнесено дека додека трае постапката за тужба со времената одлука да не се преземаат мерки за продажба на хотел Десарет за да на наредната седница се става точка за продажба на хотел Десарет и не само Десарет туку и Летница и Ориент при што Филип Медарски не се иззема и гласа за таа одлука со што и тој влегува во постапка за одговорност за надомест на штета. Тоа доведе до нови судски спорови, нови времени мерки, трошоци за друштвото, при што тоа е предуслов за заведување на нови спорови према нив и друштвото------

Исто така сакам да истакнам уште две работи, прво ниту една седница на

ОДУ
реден број 210/25
(Извод)

Одбор на директори не е одржано на работен состанок туку сите седници се одржани он-лајн И има потписи на последна страна од записник без содржина на тоа што е дискутирано и за мене тоа е дискутабилно. Кога ТД Екстра Скопско има поднесено барања и поднесоци до членовите на Одборот на директори и до Извршниот директор со кој е побарано да се завршат што побрзо сите претходно кажани работи, но по ниту едно од нив не е постапено што остава сомнеж дека не се доставени до членовите на Одборот на директори----------

Во однос на останатите членови можам да кажам дека мојот властодавец добро ги познава и дава поддршка за нивниот избор и дека со нивното знаење и како личности можат да ги надминат досегашните негативни работења на Одборот на директори. Сакам да укажам на уште две работи и тоа: новиот Одбор на директори ќе има обврска да ја продолжи и заврши започната постапка за статусни промени која е во завршна фаза бидејќи има времена мерка со судска забрана за продажба на недвижен имот на Друштвото, Собранието ги отповика Одлуките за продажба на Десарет и Одлуката за Извештајот за ревизија на проценката. Новиот Одбор на директори треба да знае дека сега работата во делот на постапка за статусни промени е во фаза на изработка на Извештај на ревизорот Мур Стивенс за реализација на статусните промени и изработка на проценка на недвижниот имот на друштвото на кој има забелешки од геодетот, проценителот и ревизорот, со барање да се разгледаат забелешките со оглед дека имотот е потценет за 11.000.000,00 ЕУР. Затоа треба да се одржи работен состанок на кој ќе се разгледаат тие забелешки и ќе се изготви проценка согласно закон. Тоа досегашниот Одбор на директори не го прифати не го реализира и одлучија да одат по судска постапка, Новиот Одбор на директори треба да знае дека постапката за статусни промени може да се заврши за многу кратко време само е потребно да се разгледаат забелешките на проценката и да се усогласат ставовите со издвојување на ТД Екстра Скопско. Ако тоа не го направи новиот состав на Одбор на директори истиот ќе влезе во нови судски постапки. Новиот Одбор на директори ќе има можност да го прочита денешниот Записник и да го провери тоа што е кажано од мене и да ги проучи сите факти на досегашните судски одлуки, записници и склучени договори и да не се дојде во ситуација повторно да не се гласа за тоа и повторно да имаме нови судски постапки. Ќе се обратам и во делот на исполнување на обвските према акционерите и до сега за четири месеци се одржани четири собранија што до сега беше незамисливо. Повторно се оди на продажба на недвижен имот иако постојат судски времени одлуки за забрана за продажба и со тоа Одборот на директори влегува во противправни одлуки, а мнозинските акционери и ТД Екстра Скопско имаат Договор од 2009 година кој треба да се реализира и исполни, останаа две точки, едната е за статусни промени, а другата е за купување на акции ако има интерес кај другата страна за купување акции. Со реализација на статусните промени се реализира и Договорот од 2009 година што истите го склучиле. Апелирам до новиот Одбор на директори да ги провери сите овие факти и работи и да ги исполни постојните судски одлуки како не би Друштвото влегло во нови судски спорови. Од тие причини за Оливера Ставрова и Филип Медарски нема да гласам, а за Драгана Јаневска, Искра Клинкарова и Кастриот Арифи ќе гласам----------

За збор се јави Џемал Рахман кој истакна дека на денешната седница има избор на нови членови на Одбор на директори и како што рече Адвокатот Аце Ѓоршевски за четири месеци држиме четири Собранија на акционери и Вие си играте мајтап со нас малите акционери. На претходната извештајна седница можеше да се гласа и за овие точки за избор, а не да се држи нова седница. Сите седници на Одбор на директори се одржани он-лајн и според мене не се присуствува на тие состаноци. Денеска барем можеше да

дојде Извршниот директор но и таа толку се интересира. Порано сите членови на Одбор на директори доаѓаа тука на состаноци и за овие четири година има многу нереализирани одлуки. Најбитно е тоа што го кажа претставникот на ТД Екстра Скопско за хотел Палас, донесена е Одлука на Собрание на акционери со која се задолжува Одборот на директори да спроведе постапка за реконструкција, адаптација и доградба на хотел Палас, донесено е одобрение во управна постапка за доградба и реконструкција во 2017 година и има Записник дека е отпочната е градба. Охридските портали постојано пишуваат во негативен контекст за неработењето на хотел Палас, а на 21.03.2025 година новинарот Веле Митаноски кој порано беше пратеник, директор на МИА, кој сега е дописник и на Либертас објави колумна во која хотелот Палас го спореди со Новосадската настрешница и случајот во Кочани и тоа во делот на Палас каде по патеката поминуваат деца и тоа е срамота за сите нас, а поготово за сопствениците на Друштвото кој не преземаат ништо за да се надмине состојбата. Друго сакам да кажам дека статусните промени иако има одлука за тоа не се направени, а за тоа се дадени пари за проценка, за ревизори, за адвокати, има и судска одлука за тоа и не се испочитувани тие одлуки. Ставате разни точки на седници на Собрание и сметам дека си играте мајтап со нас, малите акционери. Освен Оливера Ставрова никој друг не е дојден на состанок за овој нивен мандат си зедоја значителна сума на пари и никогаш не дојдоја на состанок. За новите предложени членови на Одборот на директори сметам дека има судир на интереси бидејќи сите предложени се од АД Тиквеш Кавадарци, барем да имаше некој од нив што е поврзан со туризмот. Јас нема да гласам ниту за постојните членови на Одбор на директори, ниту за новопредложените членови.----------

Друг не се јави за збор и се премина кон гласање.----------

Се гласаше јавно и тоа по азбучен ред за секој од предложените кандидати поединечно со податоци како во предлозите и тоа:----------

Се гласаше јавно за кандидатот **Драгана Јаневска** со податоци како во Предлогот за неизвршен член на Одбор на директори на АД Охридтурист Охрид при што За" гласале 137.931 гласови, "Против" 447 гласови и "Воздржани" нема----------

Се гласаше јавно за кандидатот **Искра Клинкарова** со податоци како во Предлогот за неизвршен член на Одбор на директори на АД Охридтурист Охрид при што За" гласале 137.931 гласови, "Против" 447 гласови и "Воздржани" нема----------

Се гласаше јавно за кандидатот **Кастриот Арифи** со податоци како во Предлогот за неизвршен и независен член на Одбор на директори на АД Охридтурист Охрид при што За" гласале 137.931 гласови, "Против" 447 гласови и "Воздржани" нема----------

Се гласаше јавно за кандидатот **Оливера Ставрова** со податоци како во Предлогот за неизвршен член на Одбор на директори на АД Охридтурист Охрид при што За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.640 гласови и "Воздржани" нема----------

Се гласаше јавно за кандидатот **Филип Медарски** со податоци како во Предлогот за неизвршен член на Одбор на директори на АД Охридтурист Охрид при што "За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.640 гласови и "Воздржани" нема----------

Претседавачот констатира дека Драгана Јаневска со 137.931 гласови "За" како неизвршен член, Искра Клинкарова со 137.931 гласови "За" како неизвршен член, Кастриот Арифи со 137.931 гласови "За" како неизвршен и независен член, Оливера Ставрова со 87.738 гласови "За" како неизвршен член и Филип Медарски со 87.738 гласови "За" како неизвршен член се избрани за членови на Одборот на директори на АД Охридтурист Охрид----------

Претседавачот побара во контекст на претходно да се гласа и за предложената Одлука која е прилог кон материјалите за денешното Собрание.----------
Се гласаше јавно, при што при што "За" гласале 87.738 гласови, "Против" 50.640 и "Воздржани" нема----------
Претседавачот констатира дека Собранието ја усвои Предлог Одлуката за избор на членови на Одборот на директори на Хотелско-угостителско Акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ-Охрид со 87.738 гласови "За"----------
---

Се премина со работа кон **третата точка од дневниот ред "Одобрување на зделка со заинтересирана страна-заложување на имот"**. По однос на оваа точка од дневниот ред претседавачот истакна дена согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва право на глас по оваа точка имаат само акционерите кои немаат интерес од зделката, а кои се претставени на денешната седница на Собранието на акционери. Согласно Статутот и Законот, за донесување на Одлуката потребно е мнозинство од најмалку 25.321 гласови од незаинтересираните акционери присутни на денешната седница----------
Се отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред----------
За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски кој истакна дека за донесување на ваква Одлука е потребно да се има дебело образложение за Охридтурист да не се вовлече во донесување на ваква одлука. Образложението што е дадено за една ваква одлука не содржи елементарни основи дека Охридтурист ќе биде заштитен и обезбеден ако се гласа една ваква одлука. Адвокат Аце Ѓоршевски кажа дека вака како што е конципирана одлуката и нема гаранција за Охридтурист, нема утврдена потреба за тоа, истата без образложение е недоречена, акционерите не знаат за што ќе гласаат, а се работи за огромно задолжување на фирмата од 11.600.000,00 ЕУР и нас како правници ни е позната како оди постапката при реализација на хипотека и вака како што е поставена одлуката јас не можам да гласам-------
Претседавачот Бети Недева истакна дека образложение е дадено во самата Одлука----------
За збор се јави акционерот Џемал Рахман кој истакна дека тука со оваа одлука се става хипотека на хотел Десарет за да земе кредит М-6, а Охридтурист да биде гарант. Со ова се бара за обезбедување на обврски на М-6 ДОО Скопје согласно договор за кредит со банка за максимален износ до 11.600.000,00 ЕУР да се заснова заложно право врз недвижен имот-хотел Десарет и сега сметам дека М-6 да ги заложи своите акции и да ги стави под залог, а не да се стави под залог имот на Охридтурист. Сметам дека ова е играње мајтап со нас малите акционерите и нека си заложи М-6 свои објекти што ги има, а и свои акции нека заложи, а не да се стави под залог хотел Десарет. Јас ако земам кредит од 200.000,00 ЕУР од банка дали вие би ми одобриле да се заложи имот на Охридтурист. Поради сето ова јас ќе гласам против оваа Одлука.----------
За збор се јави претседавачот Бети Недева која напомена дека доколку помине Одлуката Охридтурист со посебен договор ќе ги регулира односите со М-6 ЕДЕН и дека во случај да М-6 ЕДЕН не ја исполни обврската спрема банката има доволно голем имот да го обештети Охридтурист. Тоа значи дека Охридтурист нема да се доведе до ситуација ниту да должи ниту да изгуби дел од имотот. Што значи дека ова е само преодно Решение----------
За збор се јави Адвокат Аце Ѓоршевски кој истакна дека доколку содржеше одлуката предлог договор за регулирање на односите и целосна документација која ќе беше комплетна и нема ризик по Охридтурист за тоа ќе можевме да дискутираме и да се произнесиме, вака поднесената одлука не е добра и со формулацијата дека М-6 има голем имот и ќе одговара со

ОДУ
реден број 210/25
(Извод)

него е грешка на Одборот на директори што на денешното собрание достави ваква одлука без образложение.----------
Се премина кон гласање. Се гласаше јавно, при што "За" нема, "Против" 50.640 гласови и "Воздржани" нема----------
Претседавачот констатира дека не се донесе Одлука за "Одобрување на зделка со заинтересирана страна-заложување на имот"----------
Седницата на собранието на акционери заврши во 13 часот и 15 минути----------
Овој Записник лично го составив се состои од десет страници и десет листа, му го прочитав на Претседавачот Бети Недева и го предупредив на правните последици на оваа правна работа----------
Претседавачот Бети Недева изјави дека ги прифаќа правните последици кој произлегуваат од оваа правна работа и дека содржина на овој Записник во целост одговара на вистинската состојба----------
Претседавачот на Собранието лично го потпиша овој Записник----------

Претседавач: БЕТИ НЕДЕВА с.р.----------

Потврдувам дека овој извод го споредив со оригиналот кој се наоѓа во моите списи и утврдив дека целосно се поклопува со оригиналот. Овој е прв извод----------
По составувањето на Записникот, издадени се три изводи за Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид и еден извод за Централен регистар на РСМ----------
-Нотарската такса за заверка по тарифен број 28 од Законот за судски такси и член 158 став 3 од Законот за нотаријатот во износ од петстотини денари е наплатена и евидентирана во Дневна спецификација за извршена уплата на судска такса----------
Нотарската награда согласно член 41 и член 54 од Нотарската тарифа е пресметана во износ од четиринаесетилјади денари и трошоци во износ од илјадаидвесте денари----------
ОДУ реден број 210/25 (Извод)----------
Охрид 16.04.2025 година (ден шеснаесетти, месец април, двеилјади-дваесетипетта година)----------

Нотар Васил Кузманоски

Јас НОТАР, **ВАСИЛ КУЗМАНОСКИ**
Бул.Македонски Просветители бр.5 Охрид
(име, презиме и седиште-адреса)
потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е ___прв___извод - потполн - во извадок, кон кого не се приложени - се приложени ____/____ преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ 210/25

Во Охрид 16.04.2025 година

НОТАР,

_____

(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за потврдување на основниот
НОТАР
ВАСИЛ
КУЗМАНОСКИ
ОХРИД

Република Северна Македонија
НОТАР
Васко Паскали
за подрачјето на Основниот суд во Охрид
ул."Димитар Влахов"бр.9а
ОХРИД
13.06.2025 година,
(тринаесетти јуни двеилјадидваесетипетта година)

ОДУ број 565/25

ИЗВОД

НОТАРСКИ АКТ-ЗАПИСНИК

Јас, НОТАР **Васко Паскали** од Охрид, ул."Димитар Влахов"бр.9а, со службено седиште во Општина Охрид, нотарско подрачје на Основниот суд во Охрид, потврдувам дека по писмена Покана Бр.03-134 од 09.06.2025 година (деветти јуни двеилјадидваесетипетта година) од Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид со седиште на ул."Партизанска"бр.8 Охрид, на ден 13.06.2025 година (тринаесетти јуни двеилјадидваесетипетта година), присуствував на вонредното Собрание на акционери на Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид кое се одржа во просториите на седиштето на друштвото Хотел ПАЛАС-Охрид на ул.Партизанска бр.8, со почеток во 12:00 часот. Откако утврдив дека се исполнети условите за преземање на ова службено дејствие, а врз основа на член 92 од Законот за нотаријат, член 383, член 385 и член 407 од Законот за трговски друштва, го составив следниот----------

---

----------**ЗАПИСНИК**----------

----------**од одржаното Вонредно Собрание на акционери на**----------

-------- **Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид** ----------

---

Пред отпочнувањето на Собранието на мое барање ми беше предочено:----------

1. Тековна состојба Бр.0805-50/150020250227001 од 13.06.2025 година издадена на електронски шалтер, од која утврдив дека Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид со седиште на ул."Партизанска"бр.8 Охрид, со ЕМБС 4058844, е запишано во Трговскиот регистар.----------

2. Акционерска книга на Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид издадена од ЦДХВ Скопје и истата е со состојба од 12.06.2025 година од 09:55:32 часот со ISIN-MKOHTU101018 и дека вкупниот номинален капитал изнесува 6030185 ЕУР, со вкупен број на гласови 172291, вкупниот број на иматели е 47, и бројот на сопственички позиции е 48.----------

3. Јавен повик за свикување и одржување на Вонредно собрание објавен на 13.05.2025 година во дневниот весник "Вечер" со кој се повикуваат сите акционери или од нив ополномоштени лица да присуствуваат на седницата на Собранието на акционери на Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид на ден 13.06.2025 година и Јавна објава за дополнување на Дневниот ред за работа на Собранието на акционери објавена на 04.06.2025 година во дневниот весник "Вечер".--

4. Список на присутни лица-акционери на Вонредното Собрание на Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид кој содржи реден број, име и презиме на акционерот или полномошникот, број на акции и потпис. Од наведениот список спореден со Изводот од Книгата на акционери утврдив дека на Собранието се присутни и потпишани 7 (седум) акционери и тоа:----------

1) **Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 ДОО Скопје**, со седиште на ул."Димче Беловски"бр.2 Скопје-Гази Баба, со ЕМБС 5212855, со 75021 гласови, преку полномошник Бети Недева со живеалиште во Скопје на [redacted] со ЕМБ [redacted] овластена со Полномошно заверено под УЗП бр.6339/2025 на 27.05.2025 година од Нотар Ана Дојчиновска-Скопје;----------

2) **ДРАГАНА ЈАНЕВСКА** со живеалиште во Скопје на ул.Владимир Полежиновски бр.14, со ЕМБ [redacted] со 4239 гласови, преку полномошник Мартин Мијовски со живеалиште во Скопје на ул [redacted] со ЕМБ [redacted], овластен со Полномошно заверено под УЗП бр.6117/2025 на 22.05.2025 година од Нотар Ана Дојчиновска-Скопје;----------

3) **ЈАНЕ ЈАНЕВСКИ** со живеалиште во Скопје на ул.Васил Ѓоргов бр.28-31, со ЕМБ [redacted], со 4239 гласови, преку полномошник Мартин Мијовски со живеалиште во Скопје на ул.Исаија Мажовски бр.49, со ЕМБ [redacted], овластен со Полномошно заверено под УЗП бр.6112/2025 на 22.05.2025 година од Нотар Ана Дојчиновска-Скопје;----------

4) **КИРИЛО ЈАНЕВСКИ** со живеалиште во Скопје-Карпош на ул.Скупи 6 бр.33А, со ЕМБ [redacted], со 4239 гласови, преку полномошник Мартин Мијовски со живеалиште во Скопје на ул.Исаија Мажовски бр.49, со ЕМБ [redacted] овластен со Полномошно заверено под УЗП бр.6116/2025 на 22.05.2025 година од Нотар Ана Дојчиновска-Скопје;----------

5) **Трговско друштво за производство, трговија и превоз Колески Ќире ЕКСТРА-СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ,** со седиште во Населено место без уличен систем Косел Охрид, со ЕМБС 4211847, со 50193 гласови, преку полномошник адвокат Аце Ѓоршевски од Охрид со живеалиште во Охрид, на ул."Партизанска"бр.63, со ЕМБ 1009966430002, со адвокатска легитимација издадена од адвокатска комора на Р.Македонија, овластена со Полномошно заверено под УЗП бр.1581/2025 на 12.06.2025 година од Нотар Васил Кузманоски-Охрид;----------

6) **ЏЕМАЛ РАХМАН** со живеалиште во Охрид на ул."Абас Емин" бр.44, со ЕМБ [redacted] со 447 гласови;----------

7) **ЗДРАВКО ГОРГИЕВСКИ** со живеалиште во Охрид на ул.Абас Емин бр.309, со ЕМБ [redacted] со 591 гласови, преку полномошник Сашко Денесовски со живеалиште во Охрид на ул.Лазо Трпоски бр.52, со ЕМБ [redacted] овластен со Полномошно заверено под УЗП бр.6082/2025 на 12.06.2025 година од Нотар Едмонд Шазимани-Охрид.----------

Седницата на Собранието ја отвори Бети Недева како полномошник за Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 ДОО Скопје како Претседавач на претходното Собрание, која ги поздрави присутните и предложи да се избере Претседавач на Собранието. ----------

За Претседавач на Собранието беа предложени двајца кандидати и тоа акционерот Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 ДОО Скопје на денешното Собрание претставувано од Бети Недева, и акционерот ЏЕМАЛ РАХМАН. Предлогот се стави на гласање, се гласаше јавно.----------

За избор на Бети Недева како полномошник на Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 ДОО Скопје за Претседавач на Собранието "ЗА" се гласаше со 87738 акции односно гласови, а "ПРОТИВ" се гласаше со 51231 акции односно гласови.----------

За избор на ЏЕМАЛ РАХМАН ЗА" се гласаше со 51231 акции односно гласови, а "ПРОТИВ" се гласаше со 87738 акции односно гласови.----------

Се констатира дека за Претседавач на Собранието е избрана Бети Недева како полномошник на Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 ДОО Скопје. Истата се заблагодари за изборот и истакна дека согласно ЗТД, а по претходна писмена покана Записникот ќе го води Нотар Васко Паскали од Охрид.-------

Во продолжение се премина кон Избор на бројачи на гласови. За бројачи на гласови имаше два предлози и тоа: за Џемал Рахман и Аце Ѓоршевски, и за Мирјана Кузманоска и Славица Павлеска. Предлогот се стави на гласање, се гласаше јавно.----

За избор на Џемал Рахман и Аце Ѓоршевски ЗА" се гласаше со 591 акции односно гласови, "ПРОТИВ" се гласаше со 137931 акции односно гласови а "ВОЗДРЖАНИ" беа 447 акции односно гласови.----------

За избор на Мирјана Кузманоска и Славица Павлеска ЗА" се гласаше со 137931 акции односно гласови, "ПРОТИВ" се гласаше со 591 акции односно гласови а "ВОЗДРЖАНИ" беа 447 акции односно гласови.----------

Се констатира дека за бројачи на гласови на денешното Собрание се избрани Мирјана Кузманоска и Славица Павлеска.----------

Врз основа на Списокот на присутни лица-акционери на Собранието на Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид Претседавачот констатира дека на Собранието се присутни 7 (седум) акционери со вкупно 138969 акции односно гласови што претставува 80,66% од вкупниот број на акции со право на глас, и Претседавачот констатира дека се исполнети условите за работа, Собранието може полноправно да работи и одлучува, односно дека има кворум за работа.----------

Во продолжение Претседавачот го прочита дневниот ред и тоа:----------

----------ДНЕВЕН РЕД----------

1. Избор на претседавач и работни тела;----------
2. Усвојување на Записник од седниците на Собрание на акционери од 18.02.2025 година, Записник од седниците на Собрание на акционери од 25.02.2025 година и Записник од седниците на Собрание на акционери од 16.04.2025 година и----------
3. Донесување на Одлука за продажба на недвижен имот-Хотел Десарет во Охрид;----- објавен на 13.05.2025 година во дневниот весник "Вечер", заедно со точките предложени за дополнување и тоа:----------
1. Донесување одлука за водење на работењето со АД ОХРИДТУРИСТ Охрид од членовите на Одборот на директори по донесените одлуки на Собранието на акционери на друштвото и----------
2. Донесување одлука за продолжување со доградба и реконструкција на Хотел ПАЛАС согласно правосилно Одобрение за доградба и реконструкција бр.28Уп-294/2017 од 23.08.2017 година издадено од Министерство за транспорт и врски Скопје, објавено на 04.06.2025 година во дневниот весник "Вечер".----------

На денешното Собрание покрај акционерите односно нивни полномошници со уредни Полномошна и Известувања за дадените полномошна присуствуваше и Генералниот директор на АД Охридтурист Охрид, Оливера Ставрова и Државниот Правобранител за подрачјето на Охрид како претставник на државата, Томе Трповски. Заради карактерот на материјалите за работа на денешното Собранието Записникот на претходна писмена покана ќе го води Нотар Васко Паскали-Охрид.----------

Претседавачот појасни дека до друштвото е доставен предлог за дополнување на објавениот Дневен ред од страна на акционерот Трговско друштво за производство, трговија и превоз Колески Кире ЕКСТРА-СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ, кое според акционерската книга поседува повеќе од 5% акции, кој е доставен во законски предвидениот рок. Во Предлогот за дополнување се предвидени две точки и тоа:-------

- Одлука за водење на друштвото од страна на членовите на Одборот на директори и
- Одлука за продолжување со доградба и реконструкција на Хотел Палас според правосилното Одобрение за доградба и реконструкција бр.28 уп-294/2017 од 23.08.2017 година од Министерство за транспорт и врски на РСМ-Скопје, кој е објавено во дневниот весник Вечер на 04.06.2025 година----------

и предложи да се одлучува по точките од објавениот дневен ред како и дополнувањето на истиот.----------

За збор се јави Мартин Мијовски кој на Собранието е присутен како полномошник за Драгана Јаневска, Јане Јаневски и Кирило Јаневски, кој истакна дека во моментот се води една неморална кампања и во име на неговите властодавци истакна дека не е време за одлучување по предложените точки од дневниот ред, односно дека не е време за одржување на Собранието, истото треба да се одложи за некое време во иднина за да може да се одлучува со ладни глави во однос на прашањата кои на денешното собрание се ставени како предлог одлуки. Исто така во име на неговите властодавци истакна дека планира да гласа против сите предложени точки на денешното Собрание од причина што ниту една од точките на дневен ред не е итна. Во продолжение го истакна својот став по точката предложена за реконструкција на Хотел Палас дека истата не е оправдана кој став го поткрепи со Мислење од Градежниот факултет во Скопје кое во фотокопие го подели на присутните.----------

Збор побара и Државниот Правобранител за подрачјето на Охрид како претставник на државата, Томе Трповски, кој истакна дека и покрај тоа што нема овластување за учество на денешното Собрание од страна на Министерството за финансии како акционер, би сакал накратко да го изрази својот став како претставник на државата. Истиот како правен заштитник и претставник на државата согласно закон, до владата односно до Министерството за финанисии доставил Известување за закажаното Собрание и ги известил за Одлуките по кои треба да се гласа, но заради краткиот период на време не добил Овластување за учество и гласање.----------

Истиот во однос на усвојувањето на Записниците од претходните собранија истакна дека би гласале "ВОЗДРЖАН" од причина што претставник на државата не бил присутен на сите одржани собранија, во однос на продажбата на Хотел Десарет би се изјасниле "ПРОТИВ" затоа што не гледаат причина за продажба на хотелот, а во однос на точките од дополнението на дневниот ред исто така би се изјасниле

"ПРОТИВ" односно не би можеле да се произнесат од причина што за истото не е доставена никаква документација.----------
Збор побара адвокат Аце Ѓоршевски кој на собранието е присутен како полномошник за акционерот Трговско друштво за производство, трговија и превоз Колески Ќире ЕКСТРА-СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ, како одговор на дискусијата на Мартин Мијовски кој на Собранието е присутен како полномошник за Драгана Јаневска, Јане Јаневски и Кирило Јаневски.----------
Истиот истакна дека ако предлогот на колегата Мартин Мијовски е гласот на разумот кај неговиот властодавец, тогаш тој би бил најсреќен од сите тука присутни. Но смета дека не се работи за глас на разумот и не верува дека тоа е искрено, туку смета дека се работи за форма на притисок кој се има за да се постигнат и остварат некои други цели. Кажа дека во продожение ќе образложи зошто не верува во тоа дека се работи за глас на разумот кај властодавачот на предлагачот полномшникот Мартин Мијовски. Истиот укажа дека на пет последователни Собранија од страна на М-6 како мнозински акционер се предлага продажба на недвижен имот, а не се кажува зошто се предлага продажба, кој е мотивот и целта на тоа, наспроти концептот за развој на акционерското друштво кој е во интерес на акционерите зошто се оди да се реализира концепт на продажба на недвижен имот .----------
Се обрати до генералниот директор Оливера Ставрова и запраша зошто новиот состав на Одборот на Директори на првата своја седница без одржување состанок утврдил потреба да се донесе Одлуката за продажба на Хотел ДЕСАРЕТ. Одлуката е потпишана од новиот Претседател на Одборот Искра Клинкарова и од Извршниот директор Оливера Ставрова, а потоа таа одлука е доставена до останатите членови на Одборот да ја потпишат. Укажа дека за едно такво сензитивно прашање во најмала рака требало да се одржи седница со присуство на сите членови на Одборот на директори, а Извршниот директор требало да им објасни дека оваа точка за продажба на Хотелот ДЕСАРЕТ е претходно ставана на неколку собранија на акционери, дека има времена мерка од суд за забрана за продажба, дека државниот правобранител како претставник на државата се противел за продажба. Како при една ваква состојба на работите барате да Ви се верува дека ќе преовлада разум и дека има тензија. Напомена дека неговиот властодавец ЕКСТРА СКОПСКО ДООЕЛ с.Косел не презел ниту едно дејствие за да има тензија меѓу акционерите, а укажувал дека не треба да се преземаат дејствија со носење на одлуки спротивни на закон, спротивни на судски одлуки и на Договорот од 2009 година склучен меѓу М-6 и ЕКСТРА СКОПСКО ДООЕЛ с.Косел, со доставувани писмени дописи, со укажувања на собранија на акционери но при тоа не биле прифатени апелите и се гласало за остварување некои други цели.----------
Замоли да се погледнат добро Записниците од претходните Собранија, ќе се види какви пораки на овие околности се упатувани. Нема воопшто потреба, да се носи друштвото во таква ситуација, да се создаваат основи за водење на судски постапки и да се предизвика штета на акционерите и државата.----------
Адвокат Аце Ѓоршевски запраша зошто наместо да се носат рационални Одлуки кои ќе бидат во интерес на друштвото и акционерите, како напоменал претходно веднаш по изборот на новиот Одбор на директори предложен од страна на М-6, без одржување на седница на Одборот на директори, Претседателот на одборот на директори и извршниот директор веднаш предложиле Предлог-Одлука за продажба на недвижен имот Хотел ДЕСАРЕТ. Како им дошла таа идеја, по чиј налог е ставена таа Предлог одлука на Собранието на акционери ----------
Зошто се инсистира на продажба на Хотелот ДЕСАРЕТ и покрај што се знае дека за претходната одлука за продажба на хотелот е поднесената тужба и донесена е времена мерка со забрана за продажба. При тоа на сите присутни и преставени акционери и на нотарот им достави по еден примерок во копија од судската одлука за издадена времена мерка со забрана за продажба на Хотелот ДЕСАРЕТ .----------
Исто така адвокат Аце Ѓоршевски укажа дека на претходните Собранија на акционери поставувал прашање до каде е постапката за реконструкција на Хотел Палас, за кое се исплатени 200.000,00 ЕУР на име документација, а од 2017 година од кога е издадено Одбрението случајот нема епилог. Беше кажано дека одговорот на ова прашање ќе биде објавен на Веб страната на друштвото, но истото не е направено. Било кажано од Извршниот директор Оливера Ставрова дека ќе биле консултирани адвокати, а пак не е направено истото, повторно не е објавен одговор на веб страната на

друштвото.Укажа дека прашањето поставено од акционер се смета за одговорено само ако е поставено како прашање и одговор и е објавено на веб страната на друштвото тоа е уредено согласно чл.391–б од Законот за трговски друштва. Поради тоа што не се одговараше на прашањето за Хотелот Палас, ставена е како точка за дополнување на дневен ред - донесување одлука за продолжување со доградба и реконструкција на Хотел ПАЛАС согласно правосилно Одобрение за доградба и реконструкција од Општина Охрид.----------

Во однос на Мислењето од Градежниот факултет во Скопје кое е изготвено во 2020 година, а на седницата е поднесено од страна на Мартин Мијовски адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека истото не го прифаќа не е во ред и не кореспондира со Мислењето по основ на кое е издадено од истиот субјект Градежниот факултет во Скопје а е наведено во Одобрението за доградба и реконструкција на Хотел ПАЛАС. Запраша како може во 2016 год да се даде позитивно мислење за добивање одобрение за доградба и реконструкција на Хотел ПАЛАС, а покасно да се менува тоа мислење. Тука нешто не е во ред, но тоа е работа на други органи ----------

Авокатот Аце Ѓоршевски постави повеќе прашања до Генералниот директор на АД Охридтурист Охрид, Оливера Ставрова во поглед на предложените статусни промени за кои сеуште нема никаков одговор од Одборот на директори, за што била донесена судска одлука и требало Одборот на директори да ја реализира одлуката на Собрание на акционери. Одборот на директори ја започнал постапката за статусни промени врз основа на судска одлука согласно одлуката на Собрание на акционери од 14.07.2023 год. но сеуште по протек на скоро две години не ја има завршено постапката и му причинува штета на акционерот ЕКСТРА СКОПСКО кој треба да се издвои во таа постапка. На тоа Извршниот директор Оливера Ставрова одговори дека акционерот ЕКСТРА СКОПСКО не гласал за одлуката. Полномошникот на акционерот ЕКСТРА СКОПСКО адв.Аце Ѓоршевски и одговори дека ова се зборови кои ги кажал адв.Панче Нефтенов на работниот состанок во Скопје пред десетина дена. Тој истакна дека сака да ги извести присутните дека и на претходните Собранија имал кажано, а и сега ќе повторел дека Одлуката за отпочнување постапка за статусни промени е донесена од Собранието на акционери на АД Охридтурист Охрид на седницата одржана на ден 14.07.2023 год. Со таа одлука Собранието на акционери го овластил Одборот на директори да ја реализира постапката за статусни промени. После цели осум месеци била изготвена проценка и утврден моделот за статусни промени од консултантска куќа МУР И СТИВЕНС од Скопје ангажирана од друштвото. Во одлуката која ја спомнува Оливера Ставрова за усвојување на Извештајот од МУР И СТИВЕНС од Скопје, а која не се гласала од страна на ЕКСТРА СКОПСКО и други акционери имало две работи во истата одлука бел утврден моделот на статусни промени издвојување со преземање со оглед да се работи за познат акционер ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ кој се издвојува согласно судска одлука, кој модел не го спорат и го прифаќаат. Но во Одлуката имало и проценка на недвижниот имот од Завод за вештачење ДООЕЛ Скопје која ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ а и други акционери ја спореле. Но ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ кажале и зошто не ја гласаат таа одлука, кажале дека во проценката на недвижниот имот не е опфатен целиот имот на друштвото, погрешно е применета методологија за проценка на недвижен имот, истиот имот е потценет за 11 милиони евра и тоа е утврдено од овластени лиценцирани субјекти по закон овластен Геодет ГЕОПРАКТИКА и овластен проценител ПРИМА ТИМ. Тоа нешто го утврдил и судот во одлуката која е доставена до акционерите. Укажа дека уште пред да се одржи Собранието на акционери закажано од 04.09.2024 година ЕКСТРА СКОПСКО ДООЕЛ с.Косел како акционер доставил до одборот на директори писмено барање со укажување на проблемите и пропустите со проценката, на одборот му ги доставил и документите од геодетот и проценителот, било договорено да се одржи работен состанок за да се разгледаат истите пред да се одржи Собраниено на акционери, но не се прифатило да се одржи таков состанок со изговор дека не биле тука лугето, биле на одмор и сл. На седницата од Собранието на акционери од 04.09.2024 година адвокат Аце Ѓоршевсло како полномошник на ЕКСТРА СКОПСКО ДООЕЛ с.Косел побарл да се одложи и да не се разгледува точката на дневен ред за Усвојување на извештајот од МУР И СТИВЕНС со оглед да ако се изгласа ќе мора да се оди на суд за да се поништи одлуката, затоа што проценката е спротивна на закон, проблематична како укажал и треба прво да се разгледаат забелешките на истата, секако укажал дека и државата е акционер и капиталот е потценет за 11 мил.евра. Но тоа не се прифатило и се изгласало на

Собранието на акционери од страна на акционерот М-6 па морале да водат судска постапка во која е донесена судска одлука за времена мерка, која истиот ја достави денес и судот потврди дека АД ОХРИДТУРИСТ Охрид бил должен да ги провери забелешките на проценката и да се утврди правилно вредноста на недвижниот имот. Тоа го потврдила и самата фирма ОХРИДТУРИСТ АД Охрид и Одборот на директори на друштвото бидејќи донел Предлог одлука да ја оповика одлуката за Извештајот за процена од МУР И СТИВЕНС, а Собранието ја изгласало таа одлука на седницата од 25.02.2025 год. Сето ова поради тоа што проценката на недвижниот имот била проблематична, а сега велите дека требало да ја гласаме таа процена која вие отпосле сами ја отповикавте. Сето ова го има во записниците од Собранијата на акционери објавени на веб страната на друштвото, може да се провери истото е кажувано но не бевме слушани и сега велите дека се правеле тензии меѓу акционерите. Акционерот ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ со ништо не придонел да има тензии, а од она што го кажувам може да се заклучи од каде се тензиите. Тензиите сами ги правите со оглед да Одборот на директори постапува по налог на мнозинскиот акционер М-6. Како акционер ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ има интерес за решавање на сите спорни елементи на мирен начин, но на законски начин, а целата ситуација и со закажување на ова Собрание и со предложената точка за продажба на Хотел ДЕСАРЕТ оди во правец на рашавање на постапката по судски пат, со поништување на одлуки и со барање за надомест на штета.----------

Авокатот Аце Ѓоршевски напомена дека како акционер ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ секогаш барал транспарентност и законитост во постапката за статусни промени и затоа се побара да се одржи работен состанок. Еден работен состанок беше договорен во Хотел Палас во Охрид, ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ за надминување на состојбите ги ангажира на состанокот проценителите и ревизорите, но од страна на ОХРИДТУРИСТ АД Охрид дојде само Извршниот директор Оливера Ставрова. Друг состанок беше договорен во Скопје пред десеттина дена со писмена покана во која стоеше дека на состанокот ќе бидат присутни сите членови на Одборот на директори. На состанокот ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ беше застапуван од сопственикот Кире Колески, неговиот син и јас како адвокат, на состанокот не беа присутни сите членови на Одборот на директори туку само Претседателот на одборот Искра Клинкарова и адв.Филип Медарски, како и адв.Панче Нефтенов.Тој состанок го побара ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ со цел да се информира дали новиот Одбор на директори ќе ја продолжи постапката за статусни промени која е во застој од причините кои ги наведов, но на тоа прашање на состанокот немаше одговор. Сега се кажува дека има тензии и дека треба да се смират истите, да се размислува со ладни глави, кажа дека ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ е за тоа да се смират тензиите, да надвладее разумот но за жал досегашното постапување на Одборот на директори и акционерот М-6 дава сомнеж да се верува во тоа.----------

Во однос на Решавањето на проблемот со Хотел Палас кој беше една од туристичките атракции на Македонија и кој е од големо значење и интерес за сите нас, за државата, а пред се за друштвото Охридтурист АД, Адвокатот Ѓоршевски запраша зошто не е ставен во функција согласно добиеното Одбрение истиот да профункционира и да биде хотел со 5 звезди, напомена дека со тоа се прават штети на акционерите и друштвото, а при тоа не се презема ништо од страна на Одборот на директори на друштвото. Побара да се продолжи со реализација на Одобрението за доградба и реконструкција за да не се одговара пред акционерите зошто е таквото постапување.----------

Имајќи го во предвид сето погоре кажано Адвокатот Ѓоршевски истакна дека смета дека не треба да се носи Одлука за продажба на Хотел ДЕСАРЕТ по постапка на статусни промени, за да нема повторно заведување на судски спорови.----------

Исто така за збор се јави и акционерот Џемал Рахман истакна дека скоро цел живот го поминал во Хотелот Палас, има мал број на акции во друштвото, меѓутоа знаејќи го капацитетот на Хотел Палас бара позитивна разрешница, зошто го боли хотелот така да пропаѓа. Архивата и до ден денес е средена, има можност хотелот да се реконструира и да продолжи со работа, но изгледа дека нема интерес.Напомена дека не е во ред да има судски спорови и фирмата да трпи штета, а тоа што било договорено за статусните промени согласно закон треба да се реализира. ----------

За збор исто така се јави и Сашко Денесовски во својство на полномошник за акционерот ЗДРАВКО ЃОРГИЕВСКИ.----------

Истакна дека во предложените точки не гледа разум понатаму кажувајќи дека

влеговме со лавиринт меѓу М-6 и ЕКСТРА СКОПСКО ДООЕЛ. Побара да ги извести надлежните дека бара примерок од договорот склучен помеѓу М-6 и ЕКСТРА СКОПСКО ДООЕЛ во 2009 за реконструкција на Хотел Палас како и целокупната документација.----------

Од страна на Претседавачот беше опоменат да дискутира само во насока на точките на дневен ред, но тој остана на своето барање до Извршниот директор да му се предадат бараните документи кои ги бара во својство на полномошник на акционер.----

Истакна дека за прашањето за продажба на Хотел Десарет не е јасна една работа. Има две вештачења за вредноста на имот на Хотел Десарет, а едно со друго е контадикторно.----------

Истакна дека нема ништо против предложените точки од страна на ЕКСТРА СКОПСКО ДООЕЛ и дека ги гласа по истите позитивно изјаснувајќи се од причина што за град Охрид и за државата реконструкцијата и продолжувањето со работа на Хотел Палас претставува круцијално прашање, пред се од туристички аспект. А кога би постоела нормална држава сето тоа што се случува би било санкционирано.----------

Изјави дека се губат тешки милиони годишен профит, за Вие да си ги мерите силите, а на терет на акционерите и на терет на економската логика.----------

Откако никој друг не се јави за збор Претседавачот предложи да се започне со гласање по предложените точки од дневниот ред, при што укажа дека се гласа за дневниот ред со сите предложени точки:----------

1. Избор на претседавач и работни тела;----------
2. Усвојување на Записник од седницата на Собрание на акционери од 18.02.2025 година, Записник од седницата на Собрание на акционери од 25.02.2025 година и Записник од седницата на Собрание на акционери од 16.04.2025 година и----------
3. Донесување на Одлука за продажба на недвижен имот-Хотел Десарет во Охрид;----------
4. Донесување одлука за водење на работењето со АД ОХРИДТУРИСТ Охрид од членовите на Одборот на директори по донесените одлуки на Собранието на акционери на друштвото ----------
5. Донесување одлука за продолжување со доградба и реконструкција на Хотел ПАЛАС согласно правосилно Одобрение за доградба и реконструкција бр.28Уп-294/2017 од 23.08.2017 година издадено од Министерство за транспорт и врски Скопје.----------

Најпрвин се гласаше за усвојување на предложениот дневен ред.----------

По спроведеното гласање од страна на присутните акционери се утврди дека "ЗА" се гласаше со 51231 акции односно гласови, "ПРОТИВ" се гласаше со 87738 акции односно гласови а "ВОЗДРЖАНИ" немаше и **Претседавачот констатира дека предложениот Дневен ред за работа на денешното Собрание не е усвоен и** ја заклучи седницата на Собранието на акционери во 13:00 часот.----------

Откако повеќето од присутните ги искажаа своите ставови во однос на предложените точки на дневниот ред, како и законската оправданост на истите, Претседавачот предложи пред да се започне со гласање по предложените точки од дневниот ред, а најпрвин да се гласа за усвојување на дневниот ред од страна на присутните акционери.----------

"ЗА" се гласаше со 51231 акции односно гласови, "ПРОТИВ" се гласаше со 87738 акции односно гласови а "ВОЗДРЖАНИ" немаше и **Претседавачот констатира дека предложениот Дневен ред за работа на денешното Собрание не е усвоен и** седницата заврши во 13:00 часот.----------

Потврдувам дека овој Нотарски акт - Записник лично го составив и се состои од осум страни на осум листа.----------

Истиот му го прочитав на Претседавачот и го предупредив на правните последици кои произлегуваат од ваквата правна работа, а Претседавачот изјави дека истите ги прифаќа како и дека содржината на овој Записник одговара на вистинската состојба од седницата на Собранието. Претседавачот изјавува под полна морална, материјална и кривична одговорност дека доставената документација е непроменета и правно валидна.----------

Учесникот е согласен нотарската канцеларија да задржи фотокопија од неговата лична карта и да врши обработка на личните податоци наведени во неа, потребни за овој Нотарски акт.----------

ОДУ бр.565/25

Претседавач на Собранието----------
За Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 ДОО Скопје ----------
полномошник Бети Недева с.р.----------

Потврдувам дека Претседавачот на Собранието лично го потпиша овој записник.--------
По составувањето на Нотарскиот акт издадени се два изводи од актот за Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид.----------
Согласно Законот за нотаријат (Сл.Весник на РСМ бр.72/16, 142/16 и 233/18) при составувањето на оваа нотарска исправа не е потребно присуство на сведоци, а нотарот и учесникот тоа не го бараа.----------
Учесникот изјавува дека е изрично согласен и го овластува нотарот без негово присуство да изврши исправка на технички и јазични грешки во оваа нотарска исправа, со посебна писмена исправка во согласност со член 42 став 2 од Законот за нотаријат, која ќе биде составен дел на оваа нотарска исправа и ќе биде доставена на учесникот.----------
Нотарската такса по тарифен број 27 од Законот за судски такси и член 158 став 3 од Законот за нотаријат во износ од петстотини денари е наплатена.----------
Нотарската награда по член 41 од Нотарската тарифа на НКРСМ е пресметана во износ од десетилјади денари и трошоци во износ од седумстотиниидваесет денари.---

ОДУ бр.565/25

Во Охрид, 13.06.2025 година (тринаесетти јуни двеилјадидваесетипетта година)

НОТАР
Васко Паскали

НОТАР
ВАСКО
ПАСКАЛИ
ОХРИД

Јас, НОТАР, ВАСКО ПАСКАЛИ
ул."Димитар Влахов" број 9а, Охрид

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.
Овој е прв извод - потполн - во извадок кон кого не се приложени преписи од прилог на нотарската исправа.
Број: ОДУ 565/25
Во Охрид 13.06.2025 година

НОТАР
Васко Паскали

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
ВАСКО
ПАСКАЛИ
ОХРИД

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
ВАСКО
ПАСКАЛИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
ВАСКО
ПАСКАЛИ

Република Северна Македонија
НОТАР
Васко Паскали
за подрачјето на Основниот суд во Охрид
ул."Димитар Влахов"бр.9а
ОХРИД
03.10.2025 година,
(трети октомври двеилјадидваесетипетта година)

ОДУ број 993/25

ИЗВОД

НОТАРСКИ АКТ-ЗАПИСНИК

Јас, НОТАР **Васко Паскали** од Охрид, ул."Димитар Влахов"бр.9а, со службено седиште во Општина Охрид, нотарско подрачје на Основниот суд во Охрид, потврдувам дека по писмено Известување Бр.03-182 од 03.09.2025 година (трети септември двеилјадидваесетипетта година) од Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид со седиште на ул."Партизанска"бр.8 Охрид, на ден 03.10.2025 година (трети октомври двеилјадидваесетипетта година), присуствував на вонредното Собрание на акционери на Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид кое се одржа во просториите на седиштето на друштвото Хотел ПАЛАС-Охрид на ул.Партизанска бр.8, со почеток во 12:00 часот. Откако утврдив дека се исполнети условите за преземање на ова службено дејствие, а врз основа на член 92 од Законот за нотаријат, член 383, член 385 и член 407 од Законот за трговски друштва, го составив следниот----------

----------ЗАПИСНИК----------

----------од одржаното Вонредно Собрание на акционери на----------

-------- Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид ----------

Пред отпочнувањето на Собранието на мое барање ми беше предочено:----------

1. Тековна состојба Бр.0805-50/150320250006018 од 03.10.2025 година издадена на електронски шалтер, од која утврдив дека Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид со седиште на ул."Партизанска"бр.8 Охрид, со ЕМБС 4058844, е запишано во Трговскиот регистар.----------
2. Акционерска книга на Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид издадена од ЦДХВ Скопје и истата е со состојба од 02.10.2025 година од 11:15:42 часот со ISIN-MKOHTU101018 и дека вкупниот номинален капитал изнесува 6030185 ЕУР, со вкупен број на гласови 172291, вкупниот број на иматели е 47, и бројот на сопственички позиции е 48.----------
3. Јавен повик за свикување и одржување на Вонредно собрание објавен на 26.08.2025 година во дневниот весник "Вечер" со кој се повикуваат сите акционери или од нив ополномоштени лица да присуствуваат на седницата на Собранието на акционери на Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид на ден 03.10.2025 година.----------
4. Список на присутни лица-акционери на Вонредното Собрание на Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид кој содржи реден број, име и презиме на акционерот или полномошникот, адреса, број на акции и потпис. Од наведениот список спореден со Изводот од Книгата на акционери утврдив дека на Собранието се присутни и потпишани 10 (десет) акционери и тоа:----------

1) **Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 ДОО Скопје**, со седиште на ул."Димче Беловски"бр.2 Скопје-Гази Баба, со ЕМБС 5212855, со 75021 гласови, преку полномошник Бети Недева со живеалиште во Скопје на ул.Руди [redacted] со лична карта бр[redacted] издадена на 11.08.2024 година од МВР-Скопје и ЕМБ[redacted] овластена со Полномошно заверено под УЗП бр.14252/2025 на 16.09.2025 година од Нотар Ана Дојчиновска-Скопје;----------

2) **ДРАГАНА ЈАНЕВСКА** со живеалиште во Скопје на ул.Владимир Полежиновски бр.14, со ЕМБ[redacted] со 4239 гласови, преку полномошник Мартин Мијовски со живеалиште во Скопје на ул.Исаија Мажовски бр.49, со лична карта бр[redacted] издадена на 30.03.2024 година од МВД-Скопје и ЕМБ[redacted] овластен со Полномошно заверено под УЗП бр.14246/2025 на 16.09.2025 година од Нотар Ана Дојчиновска-Скопје;----------

3) **ЈАНЕ ЈАНЕВСКИ** со живеалиште во Скопје на ул.Васил Ѓоргов бр.28-31, со ЕМБ [redacted], со 4239 гласови, преку полномошник Мартин Мијовски со живеалиште во Скопје на ул.Исаија Мажовски бр.49, со ЕМБ [redacted], овластен со Полномошно заверено под УЗП бр.14249/2025 на 16.09.2025 година од Нотар Ана Дојчиновска-Скопје;----------

4) **КИРИЛО ЈАНЕВСКИ** со живеалиште во Скопје-Карпош на ул.Скупи 6 бр.33А, со ЕМБ [redacted] со 4239 гласови, преку полномошник Мартин Мијовски со живеалиште во Скопје на ул. [redacted] со ЕМБ [redacted], овластен со Полномошно заверено под УЗП бр.14248/2025 на 16.09.2025 година од Нотар Ана Дојчиновска-Скопје;----------

5) **Трговско друштво за производство, трговија и превоз Колески Ќире ЕКСТРА-СКОПСКО увоз-извоз Косел ДООЕЛ,** со седиште во Населено место без уличен систем Косел Охрид, со ЕМБС 4211847, со 50193 гласови, преку полномошник адвокат Аце Ѓоршевски од Охрид со живеалиште во Охрид, на ул."Партизанска"бр.63, со лична карта бр [redacted] издадена на 14.11.2024 година од МВР-Охрид и ЕМБ [redacted] со адвокатска легитимација издадена од адвокатска комора на Р.Македонија, овластен со Полномошно заверено под УЗП бр.2798/2025 на 02.10.2025 година од Нотар Васил Кузманоски-Охрид;----------

6) **ЏЕМАЛ РАХМАН** со живеалиште во Охрид на ул."Абас Емин" бр.44, со лична карта [redacted] издадена на 14.11.2023 година од МВД-Охрид и ЕМБ [redacted], со 447 гласови;----------

7) **ЗДРАВКО ЃОРГИЕВСКИ** со живеалиште во Охрид на ул.Абас Емин бр.309, со ЕМБ [redacted] со 591 гласови, преку полномошник Сашко Денесовски со живеалиште во Охрид на ул [redacted] со лична карта бр [redacted] издадена на 19.02.2023 година од МВР-Охрид и ЕМБ [redacted] овластен со Полномошно заверено под УЗП бр.11358/2025 на 22.09.2025 година од Нотар Васко Паскали-Охрид;----------

8) **ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** со седиште на Бул.ИЛИНДЕН бр.2, Скопје-Центар, со ЕМБС 4064674, преку полномошник Томе Трпоски-државен правобранител на Република Северна Македонија за подрачје на Охрид, со живеалиште во Охрид на ул [redacted] со лична карта бр [redacted] издадена на 27.01.2022 година од МВР-Охрид и ЕМБ [redacted] овластен со Полномошно заверено под УЗП бр.8010/2025 на 01.10.2025 година од Нотар Методија Ристоски-Скопје, а за сметка на Министерство за финансии како акционер, со 21833 гласови,;----------

9) **САША МАРКОВИЌ** со живеалиште во Охрид на ул. [redacted] со лична карта бр [redacted] издадена на 06.12.2021 година од МВР-Орхид и ЕМБ [redacted] со 399 гласови;----------

10) **БЛАГУНА ЧЕКРЕЦИОСКА** со живеалиште во Охрид на ул. [redacted], со лична карта бр [redacted] издадена на 15.01.2022 година од МВР-Охрид и ЕМБ [redacted], со 303 гласови.----------

Седницата на Собранието ја отвори Бети Недева како полномошник за Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 ДОО Скопје како Претседавач на претходното Собрание, која ги поздрави присутните и истакна дека огласот за денешното вонредно собрание е објавен во дневниот весник Вечер во законскиот рок, односно на 26.08.2025 година. Истата имајќи го во предвид Списокот на верификувани акционери истакна дека на денешното собрание од вкупно акционери со број на гласови 172291 се присутни акционери со вкупен број на гласови 161504, што претставува 93,74% од вкупниот број на акции со право на глас, што значи дека повеќе од доволно за да може собранието полноважно да одлучува, односно дека има кворум за работа.----------

Исто така на Собранието е присутен и генералниот директор на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид, Оливера Ставрова.----------

Поради карактерот на работите и точките за кои се одлучува на денешното Собрание за записничар е повикан Нотар Васко Паскали од Охрид кој ќе го води Записникот на денешната седница.----------

За да може на Собранието полноважно да се одлучува потребно е да се избере Претседавач на Собранието кој ќе претседава и ќе го води собранието, како и да се изберат бројачи на гласови.----------

Мартин Мијовски кој на собранието е присутен како полномошник за акционерите Драгана Јаневска, Кирило Јаневски и Јане Јаневски, за Претседавач на денешното Собрание ја предложи Бети Недева која на Собранието е присутна како полномошник за акционерот М-6 ДОО Скопје.----------

За бројачи на гласови беа предложени Мирјана Кузманоска и Славица Павлеска. ----------
Други предлози немаше и се пристапи кон гласање, се гласаше јавно. ----------
За избор на Бети Недева како полномошник на Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 ДОО Скопје за Претседавач на Собранието "ЗА" се гласаше со 110273 акции односно гласови, а "ПРОТИВ" се гласаше со 51231 акции односно гласови, "ВОЗДРЖАНИ" немаше.----------
Се констатира дека за Претседавач на Собранието е избрана Бети Недева како полномошник на Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 ДОО Скопје. Истата се заблагодари за изборот и истакна дека согласно ЗТД, а по претходна писмена покана Записникот ќе го води Нотар Васко Паскали од Охрид.-------
Во продолжение се премина кон Избор на бројачи на гласови. За бројачи на гласови имаше еден предлог - за Мирјана Кузманоска и Славица Павлеска. Предлогот се стави на гласање, се гласаше јавно.----------
За избор на Мирјана Кузманоска и Славица Павлеска ЗА" се гласаше со 161504 акции односно гласови, "ПРОТИВ" и "ВОЗДРЖАНИ" немаше.----------
Се констатира дека за бројачи на гласови на денешното Собрание се избрани Мирјана Кузманоска и Славица Павлеска.----------
Со оглед на тоа дека условите за работа на ова Собрание се исполнети, дека може полноправно да се работи и одлучува, Претседавачот истакна дека се преминува на утврдување и читање на дневниот ред.----------
Во продолжение Претседавачот го прочита дневниот ред и тоа:----------
---
----------ДНЕВЕН РЕД----------
---
1. Избор на претседавач и работни тела;----------
2. Донесување одлука за водење на работењето со АД ОХРИДТУРИСТ Охрид од членовите на Одборот на директори по донесените одлуки на Собранието на акционери на друштвото и----------
3. Донесување одлука за продолжување со доградба и реконструкција на Хотел ПАЛАС согласно правосилно Одобрение за доградба и реконструкција бр.28 Уп-294/2017 од 23.08.2017 година издадено од Министерство за транспорт и врски Скопје.----------
Претседавачот истакна дека пред да се премине кон гласање по точките од дневниот ред, треба најпрвин да се гласа за усвојување на истиот.----------
ЗА" усвојување на предложниот дневен ред се гласаше со 161504 акции, односно гласови, "ПРОТИВ" и "ВОЗДРЖАНИ" немаше.----------
Претседавачот констатира дека со 161504 гласови "ЗА" е усвоен предложениот дневен ред. ----------
Со оглед на тоа дека е ицрпена првата точка - избор на Претседавач и бројач на гласови се преминува на втората точка од дневниот ред Донесување Одлука за водењето на работењето на друштвото од членовите од Одборот на директори по донесените одлуки на Собранието на акционери на друштвото.----------
Се отвори дискусија. Бети Недева-полномошник за М-6 ДОО Скопје запраша дали може прва да земе збор по оваа точка, меѓутоа адвокат Аце Ѓоршевски-полномошник за ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ сакаше да се констатира фактот, кој всушност требаше претходно да го констатира Претседавачот, дека Собранието е свикано на барање на акционерот ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ.----------
Бети Недева-полномошник за М-6 ДОО Скопје на ова одговори дека Собранието е свикано на барање на ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ за што е донесена Одлука од страна на Одборот на директори.----------
Адвокат Аце Ѓоршевски-полномошник за ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ сакаше да потенцира дека иницијатор за погоре наведените точки на дневниот ред бил акционерот ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ, на што Претседавачот Бети Недева-полномошник за М-6 ДОО Скопје запраша која е причината односно целта на истакнувањето на тоа чија е иницијативата за свикување на Собранието.----------
Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека на 13.06.2025 година, овие две точки (се мисли на Одлуката за водење на работењето со АД ОХРИДТУРИСТ Охрид од

членовите на Одборот на директори по донесените одлуки на Собранието на акционери на друштвото и Одлуката за продолжување со доградба и реконструкција на Хотел ПАЛАС согласно правосилно Одобрение за доградба и реконструкција бр.28 Уп-294/2017 од 23.08.2017 година издадено од Министерство за транспорт и врски Скопје) беа предложени како дополнување на дневниот ред на претходното собрание од страна на ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ, но колегата Мартин Мијовски сега полномошникот на Драгана Јаневска, Кирило Јаневски и Јане Јаневски истакнал дека не е време за влегување во конфронтации, треба да се даде време да се смират топките и поради тоа не се гласало по истите точки од мнозинскиот акционер, па од тие причини не се одржало тоа собрание на акционери. Понатаму истакна дека поминати се месец, два, три, нема ништо од тоа смирување на топките, и смета дека таквото барање тогаш било само параван. Токму затоа ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ поднел барање за свикување на ова Собрание, а напомена дека легитимно било истото да го истакне денес Престедавачот на Собранието.--------

Потоа за збор се јави акционерот Џемал Рахман кој истакна дека имал поднесено писмо до АД ОХРИДТУРИСТ Охрид, кое го нема во материјалите за денешната седница и побара да се подели истото до сите присутни акционери од причина што и самиот е спомнат во писмен допис од Одборот на директори до Екстра Скопско кој е објавен во материјалите за работа на собранието. Претседавачот побара да се копира дописот од акционерот и да им се даде на акционерите ----------

Адвокат Аце Ѓоршевски-полномошник за ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ се обрати до присутната Оливера Ставрова во врска со дописот кој го испратиле дел од членовите на Одборот на директори на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид до ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ, и кажа дека ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ доставил одговор на тој допис со барање да се објави на ист начин на веб страната на друштвото, па ја запраша зошто истиот одговор од акционерот кој го застапува не е објавен на веб страната на друштвото за да се запознаат акционерите. На ова не доби одговор од присутниот извршен директор Оливера Ставрова.----------

Потоа Адвокат Аце Ѓоршевски им подели на сите присутни акционери и до нотарот кој го води записникот, копија од одговорот на ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ доставен до АД ОХРИДТУРИСТ Охрид како одговор на дописот од Одборот на директори, кој не бил објавен на веб страната на друштвото.----------

Во продолжение пред да се отвори дискусија по точката-Одлука за водење на работењето со АД ОХРИДТУРИСТ Охрид од членовите на Одборот на директори по донесените одлуки на Собранието на акционери на друштвото, со оглед дека во образложението на Барањето поднесено од ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ се наведуваат дејствија на Одборот на директори, односно нивното наводно непостапување по Одлуката на Собрание за статусни промени, претседавачот Бети Недева како полномошник на акционерот М-6 ДОО Скопје, истакна дека до АД ОХРИДТУРИСТ Охрид бил доставен допис, а денес на запознавање на сите малцински акционери појаснува дека биле започнати преговори помеѓу акционерите М-6 ДОО Скопје, Драгана Јаневска, Кирило Јаневски и Јане Јаневски преку нивните адвокати и акционерот ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ преку нивниот адвокат. Од акционерот ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ во усна форма без доставување било каков писмен доказ односно документ било побарано за нивното учество од 29,13% од акциите да им се отстапи имот на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид и тоа хотел Орце Николов, комплекс Летница и ресторан Ориент. На вака дадениот предлог од страна на М-6 ДОО Скопје и лицата поврзани со него застапени во преговорите на 26.03.2023 година по е-маил комуникација до Кристијан Колески е доставен одговор со две варијанти и тоа варијанта еден-хотел Палас и ресторан Ориент и варијанта два-хотел Орце Николов и комплекс Летница. Како појдовна основа за утврдување на вредност на објектите кои би се отстапиле на ЕКСТРА-СКОПСКО

Косел ДООЕЛ земени биле сметководствената вредност на имотот со состојба 30.12.2023 година и проценетата вредност на Заводот за вештачење со 31.12.2024 година и проценета вредност од ПРИМА ТИМ ДОО Охрид од 01.09.2024 година како и проценета вредност по Решение на град Охрид, при што од сите овие проценки изведена е просечната вредност врз основа на која биле утврдени параметрите на вредноста на имотот кој би му припаднал на ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ а кој би бил еквивалентен на вредноста на учеството на ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ во АД ОХРИДТУРИСТ Охрид. На вака доставениот писмен предлог од М-6 ДОО Скопје до ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ бил даден усмен одговор дека ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ останува на својот предлог, односно издвојување на хотел Орце Николов, комплекс Летница и ресторан Ориент со таа разлика што за ресторан Ориент би доплатиле износ од 1.250.000,00 евра. Овој предлог од страна на М-6 ДОО Скопје, Драгана Јаневска, Кирило Јаневски и Јане Јаневски бил прифатен со што на 07.04.2025 година до ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ бил доставен протокол во кој се уредени основните начела и услови под кои страните би постапиле во однос на бараното. На овој протокол ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ не се изјаснил во писмена форма, меѓутоа го условувал само со претходно потпишување на Спогодба за делба. На таквото барање било одговорено дека постапката за делба е регулирана со закон и дека постојат дејствија кои треба да се преземат поради што во моментот не постојат законски претпоставки за потпишување на спогодбата за делба имајќи во предвид дека не е изготвен делбен баланс, распоред на вработени, не е објавен оглас за известување на доверителите итн. До денешен ден, односно до денот на Собранието од ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ не е добиен никаков одговор. Од тука произлегува дека ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ е причината за непостапување по однос на статусните промени односно издвојување на акционерот ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ, односно може да се заклучи дека постапката за делба на основа на Пресудата на Основниот граѓански суд не успеала.----------

Адвокат Аце Ѓоршевски-полномошник за ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ, истакна дека се сомнева во искажаниот став на Бети Недева, како лично нејзин, односно посочи дека некој го напишал тоа што го чита, а притоа се сокрива уште една многу битна работа. Прво добрата волја да се реши целата работа за мирен начин не била спорна заради тоа што истото било работа на Одборот на директори и работа на основачот на ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ. Адвокат Аце Ѓоршевски-полномошник за ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ истакна дека смета дека Одборот на директори е диригиран од М-6 ДОО Скопје и на тоа е укажано со факти во сите дописи, истакна дека по моделот за статусни промени издвојување со превземање може и треба да има разговори затоа што крајната инстанца е склучување спогодба за поделба во форма на нотарски акт која ќе се гласа на Собрание на акционери. Спогодба за делба мора да има, меѓутоа не се работи за имот кој може да се дели како со нож, меѓутоа ќе има доплата или враќање на пари тоа го предвидува и законот, значи разговорите од тој тип се во ред и се добредојдени, ама не и условувањето од типот дека тоа е прифатливо само доколку на собрание гласате да се стави под хипотека недвижен имот, а со цел да М-6 ДОО Скопје да земе кредит не за АД ОХРИДТУРИСТ Охрид туку за блиска фирма. Истакна дека сака да се стави на знаење тој факт кој не го кажа Претседавачот, а е битен да се сФати правилно состојбата, напомена дека штом играта е започната валкано, валкано и ќе се продолжи. Појасна дека тој бил на маса кога се воделе разговорите дека ако постоела добра волја да се решат работите, ќе се решеле истите, само да не се поставеше условот за ставање под хипотека на недвижен имот на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид за потребите на трети фирми. Ја запраша Бети Недева дали тој што и го пишувал тоа што го прочита и кажал дека таа согласност од М-6 ДОО Скопје била условена со гласање на ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ за

ставање под хипотека на недвижниот имот на собрание на акционери за потребите на М-6 ДОО Скопје и блиска фирма на нив. Бети Недева одговори дека тоа не и било кажано.----------

Во продолжение Адвокат Аце Ѓоршевски истакна дека начинот на кој се кажуваат работите е некоректен, дека во постапката треба да има официјален предлог, состанок и договарање. На основ на судската Одлука и според закон може да има делба со доплата, но само врз основа на Спогодба без причинување штета. Ова што е кажано од спротивната страна Претседавачот е една работа – низок настап во пренесување на ситуацијата.----------

Адвокат Аце Ѓоршевски-полномошник за ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ ги запозна присутните дека на база на деловна соработка со М-6 ДОО Скопје потпишан е договор во 2009 година да го развиваат АД ОХРИДТУРИСТ Охрид како реномирани фирми, да се има концепт за развој, а ако не, секој да тргне по својот пат. Гледано од тој аспект, во сиот период немаше концепт на развој, имаше само пропаѓање на фирмата. Се појави една светла точка на предлог на Кире Колески кој тогаш беше Претседател на Одборот на директори да се најде разрешница со хотелот Палас, од причина што луѓето веќе се исмејуваат на состојбата во која се наоѓа хотелот. Се доби Одобрение за доградба и реконструкција на Хотелот, затоа е таа точка актуелна и на ова собрание. Адвокат Аце Ѓоршевски истакна уште една забелешка дека на изготвената проценка на недвижен имот имало забелешка од страна на овластен проценител ПРИМА ТИМ ДОО Охрид и овластено геодетско друштво ГЕОПРАКТИКА ДОО Охрид, дека во истата проценка има пропусти бидејќи не е опфатен сиот имот на друштвото. Ако се корегираа тие пропусти немаше да се дојде до сегашната ситуација, немаше да се дојде до суд како и до времени мерки, и да се движат работите во неповолна ситуација. Сето тоа требало да се појасни од страна на Одборот на директори, односно од Оливера Ставрова, од причина што смета дека тоа е работа на Одборот на директори, а не на М-6 ДОО Скопје. Смета дека има судир на два концепти бидејќи концепт на развој не успеал сега има еден концепт за продажба на мнозинскиот акционер М-6 ДОО Скопје кој е спречен со издавање на привремена мерка на судот за забрана на продажба, а другиот е концепт на поделба на база на договор и судска одлука заради што ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ бара да му се утврди што е негово, да си го земе тоа што му припаѓа, па сам да си го развива. Во АД ОХРИДТУРИСТ Охрид беше почната во 2016 година постапка за статусни промени на предлог од ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ согласно договорот од 2009 год., но увидено е дека работите не се движат во саканиот правец, а таа постапка се реализираше на договорен начин. Тогаш е направена проценка, ангажиран е истиот Завод за вештачење, платени се преку 25.000,00 ЕУР за ангажмани, се побара да се договорат нештата за статусните промени на договорен начин, па после дошло до промена на Одборот на директори кој понатаму нејќел да чуе за претходно договореното да ја продолжи постапката, заради што ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ повел постапка пред суд. Судот по разгледување на сите акти и аргументи донел Одлука со која се задолжува М-6 ДОО Скопје да ја испочитува обврската и да се започне постапка за статусни промени, да се издвои ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ како акционер во друштвото. Две и пол години не може да се заврши таа постапка за статусни промени. Наваде дека тоа е причината зошто се става оваа точка на дневен ред, постапката е закочена, а немало епилог да се седне и да се решат работите спогодбено. На 14.07.2023 година на одржано Собрание донесена е Одлука-Обврска на барање на М-6 ДОО Скопје постапувајќи по судската Одлука да свика Собрание. Побарано е да се свика Собрание, истото е свикано, но Одлуката сеуште не е спроведена, а има судски спорови, баш поради тие работи претходно споменати. Концептот за развој не успеал, концептот за поделба е блокиран, а концептот за продажба е актуелизиран. На четири Собранија М-6

ДОО Скопје предлага продажба на имот, па ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ бил приморан со времена мерка да ги запре тие работи. Времената мерка е активна. Појасни дека за време на статусни промени кога е имот влезен во проценка, не смее да се продава недвижен имот, а треба да се има во предвид дека и проценката е фалична, недостасува имот, односно фалат 11.000.000,00 евра, што значи дека истата треба да се корегира. ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ сака во законска постапка да си го добие својот дел и да се развива. Во сиот период Одборот на директори диригиран од М-6 ДОО Скопје носел Одлуки кои довеле до тоа да се заведат судски спорови. Спор во делот на Одлуката донесена на Собранието за проценката на недвижниот имот која е спорна, со која не може да се врши делба, ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ не сака ништо да се заврши незаконски. Тој наведе дека побарано било од Одборот на директори да се усогласи проценката, согласно забелешките но тоа не е направено. Адвокат Аце Ѓоршевски ги потсети присутните дека ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ преку него како полномошник на Собрание на акционери побара одложување на точката, а со цел да се усогласи проценката, но не се прифати тоа, се гласало за фаличната проценка, па поради тоа е поднесена тужба која е активна како и времена мерка која е активна и за проценката и за продажбата на Хотел Десарет. После тоа Одборот на директори сфатил дека греши и предложил на Собранието на акционери да ги отповика двете Одлуки кои биле спорни. Но изгубено е многу време што создава сомнеж и претпоставки дека се сака да му се причини штета на ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ, бидејќи не се оди напред, се е стопирано. При ваква состојба добра била иницијативата за Спогодба за поделба во функција на договарање околу таа Спогодба за делба, да се гласа на Собрание, да се гласа и да се договори да се дели имотот со доплата, но лошо било тоа што сето тоа било условено со други интереси како навел претходно, а на штета на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид и на акционерите. Истакна дека потребата за оваа точка е иницирана поради потребата за продолжување и придвижување на започнатата постапка, бидејќи проценката веќе не е валидна, факт е дека потребна е нова проценка за да се движат работите напред и да се дојде до некаков епилог за да се заврши постапката за статусни промени.----------

Адвокат Аце Ѓоршевски-полномошник за ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ истакна дека сака да се наврати на кажаното дека во подигнатите материјали за Собрание има допис потпишан не од сите членови од Одборот на директори до ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ со констатации дека она што било напишано во барањето за свикување на Собрание било хаотично, тенденциозно и манипулација. На тоа било одговорено со писмен допис каде се е образложено со факти кој го поделил денес бидејќи не е објавен на веб страната. ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ во одговорот се повикува на Пресуда од суд, на склучен Договор, на факти од каде произлегува дека Одборот на директори не ја спроведува Одлуката на Собранието на акционери. Поделен е наведениот материјал и сите може да прочитаат па да оценат кој е во право. Некој од Одборот на директори се дрзнал и напишал во дописот дека ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ незаконски наплатило 75.000.000,00 денари. Адвокат Аце Ѓоршевски-полномошник за ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ појасни дека АД ОХРИДТУРИСТ Охрид поднел тужба против Два Бисера и Џемал Рахман за наплата на штета, Два Бисера се бранел против тие невистини и поднел противтужба, се уважила нивната противтужба и ги наплатиле средствата.---------

Адвокат Аце Ѓоршевски-полномошник за ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ најмалку на две Собранија бара од Оливера Ставрова да се изјасни што презема Одборот на директори во таа насока затоа што се наплатени тие пари, да се бара надомест на штета но ништо не се презема, а сите акционери се оштетени. Одборот на директори своето непостапување го оправдувал со тоа што имало поднесена ревизија. Тој ги запозна присутните дека пред самото

Собрание стасала Одлуката на Врховен суд по поднесната ревизија, со која највисокиот суд одлучил и ја одбил ревизијата како неоснована, со што се става крај на она што можело да биде параван на Одборот на директори да не поднесува тужба за надомест на штета со изговор дека има поднесено ревизија. Во продолжение адвокатот им ја подели на сите присутни Пресудата на Врховен суд на РСМ со која е одбиена како неоснована ревизијата поднесена од АД ОХРИДТУРИСТ Охрид ----------

Адвокат Аце Ѓоршевски-полномошник за ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ истакна дека во дописот на Одборот на директори пишува дека се незаконски наплатени парични средства од страна на ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ, но видно е дека се работи за лаги и невистини, чиста клевета и причинета штета на акционерот ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ како реномирана компанија позната и призната во државата. Кој и да го чита на веб страната дописот на дел од Одборот на директори до ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ ќе се чуди на изнесеното, па од тие причини било побарано на веб страната на друштвото, да се објави и дописот на ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ, но истиот не е објавен, а побарано е да се состанат и со Одборот на директори за да се соочат еве тука јавно на собрание на акционери кога се расправа за нив, но гледа дека никој освен Оливера Ставрова не сакал да присуствува.----------

Адвокат Аце Ѓоршевски-полномошник за ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ појасни дека ако не се поведе постапка од страна на Одборот на директори за надомест на штета против оние што гласале за поднесување на тужба пред суд против фирмата Два Бисера и Џемал Рахман, Одборот на директори влегува во обврска спрема сите акционери како солидарен должник. Постои штета која треба да се врати, Одборот на директори мора да постапи. Во делот на интенцијата на писмото од Одборот на директори било да се стави во материјалите за седница за да се демаскира состојба на пишаното со факти и аргументи во барањето за свикување на Собрание на акционери поднесено од ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ, затоа апелира дека треба да се применува разум, а не конфронтација. Треба да се најде компромис, но сето што се случува води до штетни последици. Постапката за статусни промени иницирана од М-6 ДОО Скопје на база на Одлука на Собрание, треба да се спроведе во согласност со закон и во таа постапка треба да се издвои ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ како акционер од друштвото.----------

Адвокат Аце Ѓоршевски-полномошник за ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ истакна дека од моментот кога се отповикани Одлуките за извештајот од Мур и Стивенс од 04.09.2024 година, знаејќи дека се грешни и противзаконити, оттогаш нема активност на Одборот на директори за да се реализира одлуката на Собрание на акционери. Пишани се писма и до новиот Одбор на директори, но ништо не се презема. Побара да се имплементира Одлуката, да се заврши постапката, па после секој по својот пат. Прва работа која е потребна е да се продолжи постапката каде што е застаната, а втората работа е тоа што е истечен рокот на проценката, треба да се изготви нова проценка, трета работа е да седнат сите инволвирани во проценката, да се изготви нова законска проценка со која ќе се опфати сиот имот, па да се продолжи понатаму и да се известат сите акционери до каде е постапката.----------

Адвокат Аце Ѓоршевски-полномошник за ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ апелира оваа предложена Одлука по оваа точка од дневен ред да се сфати исправно, а притоа да се знае дека од непостапувањето и негласањето по таа одлука има последици и заведување нови судски постапки.----------

Оливера Ставрова како извршен член на Одборот на директори-Генерален директор во врска со наводите дека се водени од акционерот М-6 ДОО Скопје истакна дека сите Одлуки се согласно Статутот на друштвото и Законот за трговски друштва. Во дописот на ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ се наведува дека Одборот е виновен за неспроведување на стаусните промени. Истакна дека Одборот како Одбор ги спроведува Одлуките како што се донесени на Собрание.

М-6 ДОО Скопје согласно судската Одлука го задолжи Одборот кој ги има извршено потребните активности за отпочнување на постапката за статусни промени со избор на консултантска куќа и на сите советници за дефинирање на моделот на извојување на ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ. Одборот тоа го направил, направил прибирање на неколку понуди меѓу кои и Студијата која требало да ја прави Мур Стивенс за што е дадена писмена согласност и од ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ. Продолжиле со активности за отпочнување на статусните промени, Мур и Стивенс го изготвиле извештајот, направена е Проценка од Завод за вештачење. Истата истакна дека во врска со предлог модел за издвојување Мур Стивенс имаа ангажирано адвокати за дефинирање на моделот за издвојување. Во врска со укажувањето дека ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ имаат ангажирано нивна проценителска куќа која смета дека има пропуст во проценката, напомена дека точно е дека апелирале да не се гласа таа одлука, меѓутоа истите доставиле писмени материјали неколку дена пред Собранието на кое се гласало за Порценката на Мур Стивенс и писмените материјали се доставени на самото Собрание поради што, а од страна на мнозинскиот сопственик била изгласана. Во дописот истакнале дека Одборот на директори со сите активности за продажба им штети на сите акционери, за што Одборот имајќи го во предвид дописот, на која проценка треба да се ослони? Одборот ќе најде купувач кој би платил два или повеќе пати повисока цена, па се запраша зошто би се правела статусна промена, ако имотот вреди многу повеќе. Во тој случај Одборот ќе ги награди сите акционери. Парите ќе се поделат на сите акционери, но никогаш Одборот нема да предложи или донесе одлука да се продаде имотот согласно понуда со пониска цена од двете проценителски куќи. Одборот на директори знае дека имотот на ова крајбрежје вреди многу и може да се најде поволен купувач. Одборот на директори е обвинет дека не сака да ги спроведе статусните промени. Оливера Ставрова истакна дека Одборот нема сам да донесе Одлука за статусната промена, односно за договорно издвојување на ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ, појасни дека тоа се прави на Собрание. Истакна дека е добро да дојдат сите малцински акционери и да чујат дека Одборот на директори не носи Одлуки инстуирани од М-6 ДОО Скопје, сите членови се професионалци, работат согласно закон и ќе ги спроведуваат Одлуките согласно закон.----------

Адвокат Аце Ѓоршевски-полномошник за ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ како реплика на изнесувањето на Оливера Ставрова истакна дека таа не е во право. Дека всушност бараат изговор за продажба, а има времени мерки. Појасни дека статусна промена се врши по основ на методологија за процена. Треба сите страни да се усогласат и по тој модел да се склучи спогодба за делба. Повторно изјави дека во постојната проценка која е отповикана, не е опфатен целиот имот, кажа дека со проценката која била објавена на веб страната на друштвото, акционерите не можеле да се запознаат, Мур и Стивенс 5 (пет) месеци ја правеле проценката, а другите овластени друштва ја завршиле во рекордно време и веднаш укажале на аномалиите. Кај Одборот на директори немало волја за споредба на проценките и согледување на пропустите. На Собранието требало да се одложи гласањето на таа проценка како тој побарал, и да не се гласа за продажба на Хотелот Десарет. Ако се одложело гласањето немало да има судска постапка. Улогата на Одборот на директори во статусни промени е во тоа што Спогодбата ја потпишува Претседателот на Одборот на директори. На ниво на Одбор на директори се решава за статусна промена со оглед да тој е овластен од собранието да ја спроведе постапката. Се постигнува согласност за предлог Спогодба која потоа се изготвува како нотарски акт од страна на нотар, па се поставува на Собранието на акционери за прифаќање на истата. Смета дека се грешни мислењата, дека само се закануваат со штети, па повика на сите слободно да гласаат, штетите неспорно ќе се реализираат, па пак ќе се одржи собрание па ќе се види кој е во право. Одборот на директори нека ги слуша другите и нека смета дека не одговара за постапките, а всушност одговара по

закон.----------
Оливера Ставрова истакна дека Одборот работи согласно закон, а адвокат Аце Ѓоршевски-полномошник за ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ повторно наведе дека не е во право, дека Одборот на директори не постапува согласно закон за што ќе се поднесе тужба. Оваа точка на дневен ред е ставена и нешто треба да се преземе, да се потврди дека спорната проценка не е валидна, да се ангажира нова проценителска куќа, процедурата треба да тече, а не се преземени никакви дејствија.----------
За збор се јави Сашко Денесовски-полномошник за Здравко Ѓоргиевски обраќајќи се до адвокатот Аце Ѓоршевски. Тој истакна дека цело време се потенцира дека уште од 2009 година имало некаков договор помеѓу ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛи М-6 ДОО Скопје, побаран е на увид, но не е доставен. Истакна дека малцинските акционери имаат право да го видат тој документ, да видат за што тоа се договараат ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ и М-6 ДОО Скопје. Се тврди дека именуваните акционери имале договор, а после некој го условувал тој договор со продажба, односно хипотека. Ако е официјално мора да излезе на собрание, претходно не може да излезе на собрание.----------
Сашко Денесовски-полномошник за Здравко Ѓоргиевски смета дека мнозинските акционери си ги мерат силите, а најмногу се оштетени малцинските акционери, и не им преостанува ништо друго освен да тужат се наназад, за изгубена добивка, за обезвреднет капитал. А вадењето на виделина на валкани работи, не е принципиелно за Охрид, но и за државата, истакна дека нему му е чудно молчењето на Правобранителот кој е тука присутен како полномошник за државата, зошто смета дека треба да се преземат активности за испитување дали станува збор за финансиски криминал. Понатаму истакна дека одговорност мора да има и дека ќе бидат повикани соодветни институции.----------
Адвокат Аце Ѓоршевски-полномошник за ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ повторно се наврати на прашањето за издвојување на неговиот властодавец, истакнувајќи дека моделот на статусните промени Спогодбата се врши во форма на нотарски акт, истиот се гласа на Собрание, а го потпишува Претседател на Одборот на директори.----------
Сашко Денесовски-полномошник за Здравко Ѓоргиевски истакна дека на денешното Собрание се слушнале многу загрижувачки работи и дека треба да се имаат предвид и интересите на малцинските акционери.----------
За збор се јави акционерот Саша Марковиќ во врска со проценката која била грешна и запраша како може истата проценителска куќа пак да прави проценка. - Оливера Ставрова на ова одговори дека ако една проценителска куќа направила Проценка, друга не може да ја коментира туѓата Проценка.----------
Саша Марковиќ сакаше да му се потврди дали е констатиран пропуст па макар да бил и во помалку од еден метар, сака да знае.----------
Адвокат Аце Ѓоршевски-полномошник за ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ, на укажувањето на Оливера Ставрова појасни дека не се работи за коментар на туѓа Проценка. Се работи за наод од овластени лиценцирани лица дека има пропуст во проценката, односно дека не е опфатен целиот имот на друштвото.----
Сашко Денесовски-полномошник за Здравко Ѓоргиевски смета дека и еден квадрат да недостасува, тогаш е пропуст и не може таа консултантска куќа да е релевантна за процена. Смета дека тоа е криминал, мора да се изостави таква спорна Проценка, а Одборот на директори е тој што треба да реагира веднаш. Треба да има одговорност, да се проварат сите вештачења и да се провери каде е пропустот.----------
Адвокат Аце Ѓоршевски-полномошник за ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ повторно спомена дека 11.000.000,00 евра имот недостасува, една и пол година има прекин во постапката за статусни промени. За тоа е побарано е да се одржи работен состанок со одборот на директори и да се утврдат недостатоците. Одборот на директори прифатил таков состанок но не е организиран истиот како што прифатил. ----------

За збор се јави Џемал Рахман повторно споменувајќи го писмото пратено до ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ, истакнувајќи дека се одвиваат крупни работи во АД ОХРИДТУРИСТ Охрид, но никој од другите директори не сака да присуствува. Има статусни промени, како точка која стои две години и Одлука за реконструкција, но ништо не се гласа. Ништо не се случува, а Одборот на директори си зема пари, а тие како вработени немаат никаков приход. Правобранителот го брани интересот на државата, на денешното Собрание присутни се и повеќе малцински акционери. Тој истакна дека е под голем притисок, зошто како секојдневно присутен го прашуваат луѓето што се случува со АД ОХРИДТУРИСТ Охрид. Истакна дека него го интересира фактот дали тој за своите акции би добил пари, а го боли тоа што Одборот на директори го вклопува во разни невистини. И тоа првин бил обвинет, а после истите тие личности членови на одборот Ратко, Мате и Миле дошле во хотелот и кафе пиеле со него. Изјави дека на своите 65 години нема прекршочна пријава. Ја посочи Пресудата од Врховен суд, читајќи го наводот дека тужбата се одбива како неоснована и рече дека истата ќе ја чува дома и ќе ја урами зашто тоа е признание на неговото исправно работење. Тој истакна дека повреден е со самото тоа што бил обвинет, а не е вистина дека ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ зел 75.000.000,00 денари. Побара од Одборот на директори да одговорат каде се оние кои му се заканувале и го обвиниле. А во текот на неговото работење, бил беспрекорен. Сега после сето тоа истакнува дека како мал акционер ќе тужи. Зошто не е виновен за ништо, а бил обвинет неправедно со лажни обвинениј а. Секогаш му го сакал доброто на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид. Дури истакна дека после долгогодишна работа ниту името точно не му го знаеле, место Џемал бил именуван како Џемаил. Во продолжение се наврати на статусните промени кои ги започнале во 2016 години, пари биле исплатени на стручните соработници а ништо не е постигнато. Ја истакна успешната статусна промена со хотелот Славија, кога сите биле задоволни. А биле започнати нови статусни промени на одлука од суд, две години се доаѓало на собранија и не се решавало тоа, се спомнуваат само интереси на мнозинските акционери, се причинува штета а ние само губиме. Сите сакаат АД ОХРИДТУРИСТ Охрид да биде тоа што бил претходно. Не се исти малцинските и мнозинските акционери. Сите дале пари за купување на акциите, некој уште плаќа кредити. А постапки течат, адвокатите земаат пари, АД ОХРИДТУРИСТ Охрид исплаќа за сите постапки, а ситните акционери не добиваат ништо. Ќе се види на завршната сметка колку пари се дадени. Им посочи на големите акционери да се договорат, зошто сите се доведени во заблуда од направените проценки, не знаат на кого да веруваат. Вредноста на имотот на хотел Палас, односно на градежната парцела е многу висока. Некој сака да продава, некој сака да се развива. Побара сето започнато да се заврши, зошто сите акционери треба да знаат што се случува и да се исплатат соодветно парични средства.----------

По излагањето на Џемал Рахман побарана е пауза од 5 минути.----------

Истиот по паузата повторно бара мнозинските акционери да се договорат за доброто на сите акционери. На секое собрание се бара продажба на хотелите, за што ги замоли големите акционери да седнат, да се договорат и да продолжат со статусни промени.----------

Претседавачот истакна дека дискусијата е исцрпена и побара да се гласа по точката два----------

- Одлука за водење на работењето со АД ОХРИДТУРИСТ Охрид од членовите на Одборот на директори по донесените одлуки на Собранието на акционери на друштвото.----------

За точка два се гласа "ЗА" се гласаше со 51933 гласови, "ПРОТИВ" се гласаше со 109571 глас, а "ВОЗДРЖАНИ" нема. Претседавачот констатира дека Собранието не ја донесе Одлуката за водење на работењето со АД ОХРИДТУРИСТ Охрид од членовите на Одборот на директори по донесените

одлуки на Собранието на акционери на друштвото.----------
Адвокат Аце Ѓоршевски-полномошник за ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ понатаму даде уште една констатација дека М-6 ДОО Скопје си го направи своето, односно претходно ја префрли топката на Одборот на директори. Истакна дека во овој момент М-6 ДОО Скопје со гласањето против одлуката влегува во процедура за тужби и за пенали поради тоа што не даде аргумент во дискусија во насока да оправда гласање против Одлука за продолжување на статусни промени. Изјави дека самиот сметал дека ќе се појави доблесност кај М-6 ДОО Скопје да го сфати состојбите и апелите на акционерите, но очигледно било дека нема слух за таа работа, па ќе се видат на следно Собрание со новите судски постапки што ќе се поведат, освен ако Одборот на директори не го извести ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ дека ќе ја продожи постапката, за да се движат нештата напред. Истакна во име на својот властодавец, дека оној што бил задолжен по судска одлука да преземе дејствие за да се реализираат статусните промени сега гласа против.----------
Претседавачот отвори дискусија по точка три, Одлука за продолжување со доградба и реконструкција на Хотел ПАЛАС согласно правосилно Одобрение за доградба и реконструкција бр.28 Уп-294/2017 од 23.08.2017 година издадено од Министерство за транспорт и врски Скопје.----------
Адвокат Аце Ѓоршевски-полномошник за ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ како подносител на барање за ставање на оваа точка на дневен ред, претходно спомна дека состојбите и хотелот Палас како една од најрепрезентативните локации во државата се актуелни низ медиуми и во градот со прашањата што се случува, зошто пропаѓа, а неопходно е да се најде решение. Истакна дека Одборот на директори во претходните состави, со Кире Колески како претседател, иницирал да се најде решение за хотел Палас преку барање форма и начин како да се стави во функција бидејќи долги години стои така, не се остваруваат приходи од дејност и требало да се реализира еден проект за ставање на хотелот во функција. Се донеле одлуки на Одбор на директори, проблемот се актуелизирал на Собрание на акционери, биле вклучени стручни експерти од градежна струка и тоа како од државата така и од странство, биле вклучени Градежниот Факултет во Скопје и ИЗИС со вршење на испитување на состојбите на база на проектна документација и се дошло конечно до постапка која под контрола на државата, од страна на Министерството за транспорт и врски на база на сите согласности, сите испитувања, да се донесе тоа Одобрение за доградба и реконструкција. Собранието било известено, донесена е Одлука да се реализра проектот, донесена е Одлука да се подигне кредит од банка, да се обезбедат финасиски средства, донесени се Одлуки за залог и објавен е тендер за изнаоѓање на изведувачи, избран е најповолен изведувач, потпишан е Преддоговор, започната е активност за да може да се реализира тој проект, платени се преку 200.000,00 евра за проектната документација и тие испитувања на состојбите во хотелот Палас. Но со доаѓање на новиот Одбор на директори стопиран е тој процес. Се обрати до сите присутни дека треба да знаат дека Хотелот Палас е нападнат од интереси на луѓе кои сакаат да го деградираат и уништат. Едното беше со градбата на зградите со што се затвори погледот спрема Охридското кале, а другото беше со постапка за денационализација, пред хотел Палас е вратено земјиште, на зелената површина. Во постапка било вклучено Правобранителството, два пати се одбивале барање за враќање на имот, во прашање биле една градежна парцела и една катастарска парцела, двапати се давани обврзници, за да после тоа сепак се врати земјиштето на поранешните сопственици. Државата тоа го увидела, го ставила под заштита хотелот како значајно културно наследство, како и целата локација. Така да и тие што го добиле земјиштето не можеле ништо да прават. Со споменататото Одобрение може хотел Палас да се среди и да се стави во функција како хотел со пет ѕвезди. Што се случило, некому таа

заштита како значајно културно наследство не му одговарала, иако не е спорно дека иако има заштита, сопственоста е загарантирана и дека може и има интерес објектот да се стави во функција.----------

Адвокат Аце Ѓоршевски-полномошник за ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ повторно го истакна прашањето кој е интересот да се руши Хотелот и таа заштита како значајно културно наследство. Завод и Музеј Охрид, Управата и Мунистерството биле вклучени и сите имаат дадено согласности да се реализира проектот, Градежен факултет, ИЗИС имаат дадено согласност. На минатото собрание М-6 ДОО Скопје презентирал Мислење од Градежен факултет од 2020 година дека хотел Палас треба да се руши, притоа Градежен факултет заборавил дека има правосилно Одобрение за доградба и реконструкција и дека имаат дадено согласност, него си нашол за згодно да од канцеларија напишат мислење, а не дошле на лице место да утврдат фактичка состојба. Да се руши заштитата како културно наследство нема потреба. Водена е постапка и пред Управен суд и пред Министерство да се руши/брише заштитата како културно наследство, меѓутоа државата не го брише, а судот дал образложение дека хотелот Палас претставува сведоштво на еден период на општествениот, економскиот архитектонскиот и урбанистичкиот развој на Охрид и Република Македонија прикажувајќи ги општествените состојби и прилики на развој во периодот после втората светска војна. Тоа што хотелот е во приватна сопственост не е проблем, неговото користење треба да биде соодветно на режимот и намената. Хотелот Палас е примерок на 50-тите години на 20-тиот век со архитектонска вредност за архитектурата на град Охрид. Тој наведе дека Мислењето ново на Градежен факултет е во функција да се симне заштитата на хотел Палас да не биде значајно културно наследство, а тоа е мотивирано од други лични интереси. Адвокатот Аце Ѓоршевски истакна дека се соочуваат со две ситуации, една е таа дека заштитата не претставува проблем со сопственоста. Второ, Градежен факултет дал прво стручно мислење дека хотелот Палас исполнува услови за санирање, а сега вика дека треба да руши, зошто било скапо да се санира. Кој има интерес хотел Палас да не се стави во функција, да се симне заштитата како културно наследство, зошто се бара тоа и што се сака да се постигне. Денес се очекувало полномошникот на М-6 ДОО Скопје да каже дека М-6 ДОО Скопје има интерес не да се руши, туку да се најде решение за хотелот. Ги запозна присутните кога е добиено Одобрението на седница на одбор на директори, Кире Колески ветил дека за роденденот на Светозар Јаневски ќе бил ставен во функција хотелот Палас односно истиот ќе светнел. Хотелот Палас претставува сериозен проект и тоа во светски рамки, не треба да се кочи тој процес за ставање во функција на хотелот. Поднесено е во Општина барање да остане во важност добиеното Одобрение, запазено е истото, почнати се градежни активности. Во интерес на сите акционери е санација и доведување во функција на хотелот.----------

Адвокатот Аце Ѓоршевски се наврати и ги повтори наводите на Одборот на директори со писмото до неговиот властодавец и Џемал Рахман, зошто сега им текнало за Хотел Палас да се постави прашањето. Тој апелира акционерот М-6 ДОО Скопје да не си игра со акционерите, со Општината и државата. Проектот е спас за хотелот Палас од идна агресија на заинтересирани лица или сомнителни интереси. Апелира да се гласа по Одлуката. Запраша дали ништо не им значи фактот што тогашниот претседател на СФРЈ, Тито го отворил хотелот, келнери и кувари од Далмација биле повикани, немало таков хотел тогаш во Југославија. Адвокатот Аце Ѓоршевски истакна дека се обидува да најде оправдание за новото мислење на Градежен факултет да се руши објектот. Едното првото мислење на Градежен факултет е на база на контроли и проверки со сите фази на проектна документација за реконструкција и доградба, со проверена статика, за која констатација биле вршени испитувања на лице место и дадено е мислење дека нема проблем со сеизмика, стабилност, се е во ред. Исто така

потврдено е од стручни лица дека е Палас е хотел кој запазува стандарди од 5 ѕвезди.----------

Адвокатот Аце Ѓоршевски запраша зошто сето е занемарено со новото мислење. Хотел Палас е сведоштво на еден важен период, државата го заштитила, кој може да бара изговори да не се става во функција. Кога Градежен факултет дал мислење дека треба да се руши, тоа го направил не со анализа на лице место, туку од канцеларија, а постои сомнеж дека тоа било дадено како барање од нарачателот со цел да се брише заштитата на Хотелот како значајно културно наследство. А во новото мислење нема ни збор за тоа што е претходно кажано, од што може да се заклучи дека Градежен факултет е катастрофа од институција. Истиот во име на својот властодавец повторно апелира да продолжи да се реализира проектот за хотелот Палас. Значи со тоа ќе се даде акцент дека треба да се движат нештата, да не се изгуби правото по Одобрението за доградба и реконструкција. Поради се што е наведено тој е уверен дека тука акционерите имаат право да бараат надомест на штета, зошто не е ставен до сега во функција хотелот. Паѓа во вода второто мислење на Градежен факултет, зошто е во спротивност со претходно донесеното. Од досегашните состојби трпат штета сите акционери, а целата постапка и хотелот служат за потсмев.----------

Сашко Денесовски како полномошник за Здравко Ѓоргиевски побара збор и истакна дека хотел Палас не е само заштитен како културно наследство, под заштита е и на УНЕСКО, така да сите намерници треба да се откажат од намерата за рушење на хотелот. Ако не се преземе ништо, хотелот ќе се уништува со текот на времето, така што може да дојде до одронување на фасада и повреда на некое лице, па одговорните лица ќе треба да сносат одговорност заради загрозување на сигурност. Одлуката на Министреството односно надлежните институции со која хотелот е ставен под заштита нема да биде отповикана по ниту еден основ. Ако се избрише заштитата, сите стари сопственици ќе имаат право на бараат поврат на имотот, па ќе се обезвредни хотелот, а сето тоа е на терет како на малцинските така и на мнозинските акционери. Смета дека досега државата била многу толерантна и кон М-6 ДОО Скопје и кон ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ како мнозински акциоенри. Толку многу години е дозволено пропаѓање на хотелот кој е во центарот на македонската писменост, во строго заштитеното градско јадро на Охрид. Има два излези од ситуацијата, или државата да Ви наложи да го ставите во функција или да Ви го откупи по општинска цена. Смета дека државата не требало да дозволи да пропадне хотел Орце Николов и повеќето вакви објекти. Со активностите на непреземање никакви дејствија од страна на мнозинските акционери се општетува капиталот за што малцинските акционери ќе покренат постапки. Запраша дали Одборот на директори е свесен дека има финансиска одговорност, дека е гарант платец во сите случаи. Истакна дека има само едно решение. Да се санира, да се изгради и да се стави во функција. Направен е за филмот "Мирно лето". Бил најрепрезентативен хотел во минатото, се до приватизацијата. Се обрати до М-6 ДОО Скопје и ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ да земат во предвид дека и покрај тоа што нивните интереси се големи, државата има интерес да се стави хотелот во функција од секој можен акпект. Ако се стави во функција Хотел кој е во центар на Охрид, од самиот финансиски прилив ќе се зголеми вредноста на главницата, што е во интерес и на големите, но и на малцинските акционери. Нема да се руши, ниту една влада нема да се осмели да го води во таква насока, а Правобранителот мора да има во предвид дека тука може да станува збор и за финансиски криминал, дека истиот треба да се позанимава по тоа прашање, да поднесе до сите инстанци за тоа што се случува. Како одговор на претходни наводи истакна дека е сопственик на медиум кој има јачина и не е небитен, како што некој претходно го нарекол.--------

Во продолжение се обрати до Генералниот директор на друштвото и истакна дека добро е запознат со фактот дека АД ОХРИДТУРИСТ нема назначено

Офицер за заштита на лични податоци, иако е обврзан по закон. Имаат рок за истото да го направат. Негово мислење е дека се додека немаат Офицер за заштита на лични податоци никој не е сигурен дека бараните копии на лични документи за потребните на собранието нема да се злоупотребат, односно дека немаат право за бараат копии од документи за идентификација.----------
Истакна дека ќе гласа за реконструкција, зашто знае кој дал согласност на РЕМИС ДОО Охрид да изгради зграда и да го попречи погледот на хотел Палас. Нема да се дозволи продажба и рушење, самиот ќе направи хајка, ке ги собере сите жители на Охрид, зошто хотелот Палас е од големо значење за градот. Секој граѓанин трпи штета од неговото неработење, секој маркет, паркингот. Наместо да се даде отчет за финансиите, акционерите да земат дивиденда, се оди во правец на уништување на нешто вредно.----------
За збор се јави адвокат Аце Ѓоршевски-полномошник за ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ, сакајќи да даде појаснување во врска со наводите претходно истакнати, дека ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ се става во исти кош со М-6 ДОО Скопје. Појасни дека не е така, не се во иста позиција со М-6 ДОО Скопје околу хотелот Палас, напротив неговиот властодавец му мисли добро на АД ОХРИДТУРИСТ Охрид, имајќи ја во предвид иницијативата од страна на ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ за реконструкција на хотелот како и претходно изнесеното дека хотел Палас треба да се отвори на роденденот на Свето Јаневски. ----------
За збор се јави и акционерот Благуна Чекрециоска која истакна дека сака да се изгласа Одлуката за реконструкција на хотелот и ако истиот се отвори повторно, многу ќе се израдува, зошто самата била вработена, тука работела во кампот, во хотелот Орце Николов, во Летница, цели 30 години. Гледа потенцијал истиот да овозможи прием на многу гости како и вработување на уште многу генерации.----
Сашко Денесовски-полномошник за Здравко Ѓоргиевски во врска со проценките истакна дека не верува ниту во една. Ако сите се различни, несериозна е целата постапка, запраша зошто не се распише меѓународен тендер, две проценителски куќи да одредат вредност на Летница и Палас кои од економсни аспет, од релизгиозен и слично, немаат вредност, непроцелниви се. Повика мнозинските акционери да се вразумат да се зачува она што вреди, да не се дозволи денационализација и да се прогласи хотелот за културно наследство. Апелира до мнозинските акционери да дадат согласност, за да имаат што да делат, па и малцинските акционери ќе имаат што да земат. Ги повика членовите на Одборот на директори да се вразумат, да се состанат и да донесат одлука дека најрационално е хотел Палас да се стави во функција.----------
За збор се јави Томе Трпоски-Државниот правобранител за подрачјето на Охрид во својство на претставник на Владата на Р.Северна Македонија овластен со уредно полномошно, а за сметка на Министерство за финансии како сопственик на акции, кој истакна дека откако се добиени материјалите за денешното собрание во делот на последната Одлука е воочена нецелосност, нема инвестициски план, нема финансиска конструкција, нема податоци за тоа како се би се одвивало, колку би чинело, кои фази бе се одвивале и со посебен осврт за почитување на стручното мислење за карактеристики и препораки 12-03/34/2, по што истакна дека државата ќе биде воздржана по оваа точка.----------
На ваквото излагање на Павобранителот одговор даде Џемал Рахман, истакнувајќи дека за хотел Палас има проект, има финансиска конструкција и бизнис план, истите може секој заинтересиран да ги побара и земе од хотелот Палас, а изготвени се од стручни лица. Повторно се наврати на дописот кај што е обвинет дека се внесени невистини и лични интереси, дека загриженоста за хотел Палас ја изразиле после 7 (седум) години. Истакна дека тоа не е точно, а напротив на сите собранија се дискутира за истото, за доградбата и реконструкцијата на хотел Палас. Уште во 2016 година се покренал проктот за доградба и реконструкција на хотел Палас, по претходно добиена дозвола.-------
Имало три понудени изведувачки куќи. На состанок биле сите презентери кои ги

опишале своите проекти, кои биле доставени до надлежното Министерство. Имало договор во тоа време, но после толку години тешко може да се изгради хотелот Палас со договорениот паричен износ. Во тоа време било договорено сите аномалии да ги сноси изведувачот, 360.000,00 ЕУР биле платени, работите биле започнати и сеуште траат. Истакна дека стручното мислење донесено од Градежен факултет од кацеларија е намерно направено за да се тргне заштитата како културно наследство. Добиено е Одобрение за доградба и реконструкција, се можело да се среди, освен главната зграда, кај што се дозволувало средување само фасадата, повикани биле луѓе кои го проектирале, 80% го провериле, а внатре ништо не било чепнато, само варосано. Уште еднаш спомена дека претходно при добивање на одобрението за доградба и реконструкција на Хотелот палас, ИЗИС имал проверено и потврдено дека е во ред и со статика и сеизмика.----------

Преседавачот опомена дека се повторуваат истите работи кои адвокат Аце Ѓоршевски веќе ги кажал, на што адвокатот одговори дека наводите ги кажува во согласност со документи, докази и факти, а Џемал Рахман истото го кажува изворно како присутен за цело време во хотелот.----------

Бети Недева-полномошник за М-6 ДОО Скопје истакна дека Одобрението е добиено во 2017 година, а Одборот на директори е сменет во 2019 година, па запраша што се случувало во периодот од тие две години.----------

Џемал Рахман на ова одговори дека е започнато со активности.----------

Адвокатот Аце Ѓоршевски исто така одговори на прашањето на Бети Недева, дека М-6 ДОО Скопје прашува, а всушност знае, Одборот на директори знае исто така, и тоа во делот на документациски работи, треба да се побара во архивата, да се побараат Записнисите и Одлуките што се донесени, ќе се види што е потпишано, што е преземено и дали изведувачот почнал со работа или не.----------

Џемал Рахман истакна дека се започнале работите од долниот дел па се тргнало нагоре, но се запрело тука. За две години требало да се отвори хотел Палас, но ништо понатаму, Палас не се отворил, и истакна дека смета дека тоа претставува срам за големите акционери.----------

Адвокатот Аце Ѓоршевски во име на својот властодавец повторно опомена да не се зборува во множина за големите акционери, односно да не се стават во исти кош ЕКСТРА-СКОПСКО Косел ДООЕЛ и М-6 ДОО Скопје.----------

Џемал Рахман повторно се јави за збор и ги побара другите членови на Одборот на директори да видат што се прави со хотел Палас. Истакна дека до хотел Орце Никлов се гради зграда, а никој не реагира. По закон мора да се даде согласност од соседот, а тоа е хотел Орце Николов, кој има влез од кај што се прави зградата. Во своето излагање одговори и на прашањето на Правобранителот во врска со проектот, кажа дека се е предадено до надлежното Министерство. Истакна дека проектот е прекинат, сето имајќи ја во предвид промената на власта, па сега некој решил да се руши хотел Палас. Неговиот став е дека има две проблематични локации, дека има неправилно вратени места со денационализација, каде личностите најверојатно биле појаки од државата, и тоа внатре во градежната парцела. Проектот Палас престанал, а негова сугестија е да се направи хотел Палас, зошто е од големо значење за Охрид. Да се продолжи каде е застанато, а нему лично ќе му биде мило да се најде нов изведувачи да се продолжи понатаму.----------

Повторно за збор се јави Томе Трпоски-Државниот правобранител за подрачјето на Охрид кој во врска со горните наводи појасни дека рекол дека во документите недостасува, а не дека нема воопшто.----------

Друг никој не се јави за збор и се премина кон гласање и по третата точка од дневниот ред-Одлука за продолжување со доградба и реконструкција на Хотел ПАЛАС согласно правосилно Одобрение за доградба и реконструкција бр.28 Уп-294/2017 од 23.08.2017 година издадено од Министерство за транспорт и врски Скопје.----------

"ЗА" Одлуката се гласаше со 51933 гласови од присутните акционери, 87738 гласаа "ПРОТИВ", а "ВОЗДРЖАНИ" беа 21833 гласа, по што Претседавачот констатира дека Одлука за продолжување со доградба и реконструкција на Хотел ПАЛАС согласно правосилно Одобрение за доградба и реконструкција бр.28Уп-294/2017 од 23.08.2017 година издадено од Министерство за транспорт и врски Скопје не е донесена.----------

Претседавачот истакна дека дневниот ред е исцрпен и седницата заврши во 14:42 часот.----------

Потврдувам дека овој Нотарски акт - Записник лично го составив и се состои од седумнаесет страни на седумнаесет листа.----------

Истиот му го прочитав на Претседавачот и го предупредив на правните последици кои произлегуваат од ваквата правна работа, а Претседавачот изјави дека истите ги прифаќа како и дека содржината на овој Записник одговара на вистинската состојба од седницата на Собранието. Претседавачот изјавува под полна морална, материјална и кривична одговорност дека доставената документација е непроменета и правно валидна.----------

Уучесникот е согласен нотарската канцеларија да задржи фотокопија од неговата лична карта и да врши обработка на личните податоци наведени во неа, потребни за овој Нотарски акт.----------

---

Претседавач на Собранието----------

За Трговско друштво за инжинеринг и услуги во прометот М-6 ДОО Скопје ----------

полномошник Бети Недева с.р.----------

Потврдувам дека Претседавачот на Собранието лично го потпиша овој записник.--------

По составувањето на Нотарскиот акт издадени се два изводи од актот за Хотелско-угостителско акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид.----------

Согласно Законот за нотаријат (Сл.Весник на РСМ бр.72/16, 142/16 и 233/18) при составувањето на оваа нотарска исправа не е потребно присуство на сведоци, а нотарот и учесникот тоа не го бараа.----------

Учесникот изјавува дека е изрично согласен и го овластува нотарот без негово присуство да изврши исправка на технички и јазични грешки во оваа нотарска исправа, со посебна писмена исправка во согласност со член 42 став 2 од Законот за нотаријат, која ќе биде составен дел на оваа нотарска исправа и ќе биде доставена на учесникот.----------

Нотарската такса по тарифен број 27 од Законот за судски такси и член 158 став 3 од Законот за нотаријат во износ од петстотини денари е наплатена.----------

Нотарската награда по член 41 од Нотарската тарифа на НКРСМ е пресметана во износ од дванаесетилјади денари и трошоци во износ од илјадапетстотиниитриесет денари.----------

ОДУ бр.993/25

Во Охрид, 03.10.2025 година (трети октомври двеилјадидваесетипетта година)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд Охрид
Н О Т
ВАСКО ПАСКАЛИ
ОХРИД

НОТАР
Васко Паскали


Јас, НОТАР, ВАСКО ПАСКАЛИ
ул."Димитар Влахов" број 9а, Охрид

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.
Овој е прв извод - потполн - во извадок кон кого не се приложени преписи од прилог на нотарската исправа.
Број: ОДУ 993/25
Во Охрид 03.10.2025 година

НОТАР
Васко Паскали







П Р Е Д Л О Г

Врз основа на член 383 и 384 од Законот за трговски друштва и член 44 од Статутот на АД ОХРИДТУРИСТ – ОХРИД, Годишното Собрание на акционерите на друштвото ден 17.04.2026 година ја донесе следната

О Д Л У К А

За Усвојување Записници од седница на Собрание на акционери
на АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД

1. СЕ УСВОЈУВААТ Записници од седници на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД и тоа : Записник од седница од Собрание на акционери од ден 18.02.2025 година, Записник од седница на Собрание на акционери одржана 25.02.2025 година, Записник од седница на Собрание на акционери од ден 02.04.2025 година, Записник од седница на седница на Собрание на акционери одржана на ден 16.04.2025 година, Записник од седница на Собрание на акционери одржана на ден 13.06.20025 година, Записник од Седница на Собрание на акционери одржана на ден 03.10.2025 година

2. Составен дел на оваа одлука се Записници од седници на Собранието на акционери на АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД и тоа: Записник од седница од Собрание на акционери од ден 18.02.2025 година, Записник од седница на Собрание на акционери одржана 25.02.2025 година, Записник од седница на Собрание на акционери од ден 02.04.2025 година, Записник од седница на седница на Собрание на акционери одржана на ден 16.04.2025 година, Записник од седница на Собрание на акционери одржана на ден 13.06.2025 година, Записник од Седница на Собрание на акционери одржана на ден 03.10.2025 година

3. Оваа Одлука влегува на сила со денот на донесувањето.

АД ОХРИДТУРИСТ–ОХРИД
ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ